| 5. | Собирање на отпадоци и хартија | 21.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | 10м * 5 бр. = 50 * 7.000 $м^2$ = 350.000 $м^2$ *0.06 | |
| 6. | Метење на пешачка патека<br>6.400 $м^2$ * 8 пати = 40.000 $м^2$ * 10 месеци= 400.000 $м^2$ * 0.29 | 116.000,00 |
| | **Вкупно ден:** | **529.640,00** |

## Одржување на кеј на река Отиња

Вкупната површина на зеленилото во мајор коритото на река Отиња е 22.500 $м^2$ (од кули до мост кај детска градинка во Ново Село) .Во текот на целата година според календарот за работа ќе се врши редовно одржување , хортикултурно уредување, и формирање на нова зелена површина.

**СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ТРОШОЦИ**

| р.бр. | Опис на активноста | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Машинско косење на р. Отиња<br>22.500 $м^2$ * 3 пати = 67.500 $м^2$ *7мес.=472.500 $м^2$* 1.50ден. | 708.750,00 |
| 2. | Собирање на искосена трева,утовар<br>22.500 $м^2$ * 3 пати =67.500 $м^2$ *7мес.=472.500 $м^2$* x 0.6ден. | 283.500,00 |
| 3. | Транспорт на искосена трева со трактор до 5 км<br>3м * 10 тури = 30 * 800 ден. = | 24.000,00 |
| 4. | Наводнување кеј на р.Отиња<br>22.500 $м^2$ x 16 пати =360.000 $м^2$ x 6мес. =2.160.000 $м^2$ x 0.30ден. | 648.000,00 |
| 5. | Садење на цветен насад 7.000 броја * 25 ден. | 175.000,00 |
| 6. | Варосување на зидови 2.000$м^2$x 30ден. | 60.000,00 |
| 7. | Изведба на нов бушен бунар во кеј на река Отиња | 200.000,00 |
| | **Вкупно ден :** | **2.099.250,00** |

| | |
|---|---|
| **СЕ ВКУПНО:** | **2.628.890,00** |

Одржувањето на речните корита ќе се финансира од сопствени средства, донации и средства од Буџетот на СО Штип.

Повлекувањето на средствата од Буџетот на СО Штип ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП"Исар" Сектор "Паркови и Зеленило".

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗОО ПАРК – БРИОНИ ЗА 2022 ГОД

Одржувањето на ЗОО паркот Бриони се врши преку следниве активности:

Одржување на живеалиштата, грижа за животните, одржување на хигиената и јавните површини во објектот.

| Р.бр. | Опис на активноста | Износ |
|---|---|---|
| 3. | Машинско косење 5000м² * 3 пати = 15 000 м² * 8 месеци = 120 000м² * 1.5 ден. | 180.000,00 |
| 4. | Метење на патеки собирање на отпадоци: 12м * 360бр. = 360 * 500м$^2$ = 180 000м$^2$ *0.29 | 52.200,00 |
| 5. | Набавка на храна за животните и птици | 500.000,00 |
| 6. | Ветеринарни услуги | 40.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **772.200,00** |

Програмата за работа на ЗОО Парк Бриони ќе се финансира од сопствени средства, донации и средства од Буџетот на СО Штип.

Повлекувањето на средствата од Буџетот на СО Штип ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП"Исар" Сектор "Паркови и Зеленило".

## ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН НА Ф.К.БРЕГАЛНИЦА И СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ЗА 2022 ГОДИНА

Вкупната површина на градскиот стадион на Ф.К.Брегалница изнесува 18.000 м², од кои : 9.000м² главен терен; 9.000м² помошен терен. Во текот на целата година според календарот за работа ќе се врши редовно косење, собирање утовар и транспорт на искосената трева, наводнување,валирање ,ѓубрење третирање со хемиски препарати, сеење со тревно семе, метење трибини, одбележување на теренот, поставување на мрежи на головите , одржување на соблекувалните.

## С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А
**На трошоци за одржување на градскиот стадион на Ф.К.Брегалница**
**Планирани средства од Буџетот на СО Штип**

| р.бр. | Опис на активноста | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Наводнување :<br>Главен терен : 8м * 24 = 192 * 9.000м $^2$= 1.728.000 м$^2$ * 0.30 ден.<br>Помошни терени: 8м * 12 = 96 * 9.000м $^2$= 864.000м$^2$ * 0.30 ден. | 518.400,00<br>259.200,00 |
| 2. | Машинско косење :<br>Главен терен 8м * 12 = 96 * 9.000м$^2$ = 864.000м$^2$ * 1.50 ден.<br>Помошни терени 8м * 4 = 32 * 9.000м $^2$= 288.000м$^2$ * 1.50 ден. | 1.296.000,00<br>432.000,00 |
| 3. | Собирање и утовар на искосна трева(Главен и помошни терени )<br>1.152,000м²*0,60<br>Транспорт на искосена трева со трактор 100 тури * 800.00 ден. | 691.200,00<br>80.000,00 |
| 4. | Валирање:главен терен<br>8 м * 4 = 32 * 9.000м$^2$ =288.000 м$^2$ * 0.25 ден. | 72.000,00 |
| 5. | Ѓубрење со НПК 2000 кг. * 40,00 ден. | 80.000,00 |
| 6. | Губрење со Шалитра 1500 кг.* 40,00 ден. | 60.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Губрење со Арско губре 20м3 * 700,00 ден. | 14.000,00 |
| | Ѓубрење со Уреа 200 кг. * 40,00 ден. | 8.000,00 |
| 8 | Сеење со тревно семе 700 кг * 250.00 ден. | 175.000,00 |
| 9. | Метење на трибини :<br>8м * 8= 64 * 2.000м$^2$= 128.000м$^2$ * 0.29 ден. | 37.120,00 |
| 10. | Одбележување на стадион со поликолор<br>30бр. * 1000,00 ден. | 30.000,00 |
| 11. | Третирање со хемиски препарати<br>120 кг * 400 ден. | 48.000,00 |
| 12. | Резервни делови за одржување на систем за наводнување, водоводна и канализациона мрежа во објектот | 120.000,00 |
| | **Вкупно денари:** | **3.920.920,00** |

## С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А
## на трошоци за одржување на фудбалски игралишта Балканска-6.000м², Брегалничка- 6.000м², Три Чешми

| р.бр. | Опис на активноста | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Машинско косење:<br>5 м * 3 = 15 * 18.000 м$^2$= 180.000м$^2$ * 1.50 ден. | 270.000,00 |
| 2. | Собирање и утовар на искосна трева 180,000м²*0,60<br>Транспорт на искосена трева со трактор 15 тури * 800.00 ден | 108.000,00<br>12.000,00 |
| 2. | Валирање на терен<br>5 м * 2 = 10 * 18..000 м$^2$=180.000м$^2$ * 0.25 ден. | 45.000,00 |
| 3. | Употребена вар за одбележување на теренот<br>600 кг. * 15,00 ден. | 9.000,00 |
| | **Вкупно денари:** | **444.000,00** |

## С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А
## на трошоци за одржување на спортско игралиште Суитлак 8000 м$^2$

| р.бр. | Опис на активноста | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Наводнување :<br>8м * 20 =160 * 8.000 м$^2$= 1.280.000м$^2$ * 0.30 ден. | 384.800,00 |
| 2. | Машинско косење :<br>8 м *4 = 32 * 8 .000м$^2$= 256.000м$^2$ * 1.50 ден. | 384.000,00 |
| 3. | Собирање и утовар на искосена трева<br>256.000м²*0.6=153.600,00<br>Транспорт со трактор во тури 30* 800,00 ден.=24.000,00 | 153.600,00<br>24.000,00 |
| 4. | Валирање:<br>8 м * 4 = 32 * 8.000м$^2$= 256.000м$^2$ * 0.25 ден. | 64.000,00 |
| 5. | Ѓубрење со НПК 500 кг. * 40,00 ден.<br>Ѓубрење со Уреа 100 кг. * 40,00 ден.<br>Ѓубрење со Шалитра 500 кг. * 40,00 ден.<br>Арско ѓубре 20 м$^3$ * 700,00 ден. | 20.000,00<br>4.000,00<br>20.000,00<br>14.000,00 |
| 6. | Сеење со тревно семе: 500 кг * 250.00 ден. | 125.000,00 |
| 7. | Одбележување на стадион со поликолор | |

| | | |
|---|---|---|
| | 25 бр. * 1000,00 ден. | 25.000,00 |
| 8. | Третирање со хемиски препарати | 20.000,00 |
| 9. | Набавка,транспорт,разистирање и набивање на сепариран песок 40 м$^3$ * 1000,00 ден. | 40.000,00 |
| 10. | Резервни делови за одржување на пумпа за наводнување, и на водоводна и канализациона мрежа во соблекувалната | 50.000,00 |
| | **Вкупно денари :** | **1.328.400,00** |

## С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А
## на трошоци за одржување на гробишта во МЗ Чардаклија, Балканска, Караорман и Три Чешми

| р.бр. | Опис на активноста | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Машинско косење:<br>8 м * 1 =8 * 12.000 м$^2$=96.000м$^2$ * 1.50 ден. | 144.000,00 |
| 2. | Собирање и утовар на искосена трева<br>96.000м$^2$*0.60=57.600,00<br>Транспорт со трактор во тури 8* 800,00 ден.=8.000,00 | 57.600,00<br>8.000,00 |
| | **Вкупно денари:** | **209.600,00** |
| | | |
| **СЕ ВКУПНО:** | | **5.902.920,00** |

Програмата одржување на стадиони и сортски игралишта ќе се финансира од сопствени средства и средства од Буџетот на СО Штип.
Повлекувањето на средствата од Буџетот на СО Штип ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП"Исар"Сектор "Паркови и Зеленило.

## П Р Е Г Л Е Д
## на планирани приходи и расходи

| Приходи | Износ Денари | | Расходи | Износ Денари |
|---|---|---|---|---|
| Прих.од зел.претпр. | 6.000.000,00 | | Потр.матерј.и суро. | 4.000.000,00 |
| Прих.од зел.домак | 9.000.000,00 | | Потр.елект.енрг. | 400.000,00 |
| Прих.од работна рака | 50.000,00 | | Потр.гориво и мазиво | 500.000,00 |
| Други приходи | 250.000,00 | | Потр.делови | 800.000,00 |
| **Средства од буџетот на Општина Штип**<br>1. Одржување на река Отиња и р. Брегалница<br>2. Одржување на ЗОО Парк<br>3. Одржување на стадиони и спортски игралишта<br>4. Партерно уредување на паркови површини | 1.700.000,00<br>300.000,00<br>3.000.000,00<br>1.500.000,00 | | Трошоци за услуги | 150.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Времени вработувања | 1.250.000,00 |
| | | | Бруто плата | 15.000.000,00 |
| | | | Амортизација | 1.500.000,00 |
| **Вкупно :** | **25.500.000,00** | | Други трошоци | 1.000.000,00 |
| | | | **Вкупно:** | **24.600.000,00** |

Предвидената програма ќе се финансира одследниве извори: сопствени средства , буџетски средства, донации.
Повлекувањето на средствата од Буџетот на СО Штип ќе се врши врз основа на склучен договор со Општина Штип по доставени месечни ситуации за извршена работа од страна на ЈП"Исар" Сектор "Паркови и Зеленило".

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА ЗА 2022 ГОДИНА НА**
**„ГРАДСКИ ПАЗАРИ"**

Одделението Градски пазари врши редовно одржување на градскиот пазар и стариот пазар, наплата на пазарните услуги,пазарни такси, резервација за тезги за продавање на разновидна стока, одржување на хигиената на пазарот,одржување на објектите, поправка на тезги,огради,уредување на зелени површини во кругот на пазарот.

Во текот на 2022 г. се планирани следниве активности:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поставување на метална ограда на плато 2 | 80.000,00 |
| 2. | Реконструкција на санитарни јазли-75м$^2$ | 100.000,00 |
| 3. | Изработка на проектна документација за покривање на стар пазар | 100.000,00 |
| | Вкупно | **280.000,00** |

Наведените активности се планира да се финансираат од следниве извори:
- сопствени извори и други извори

**П Р Е Г Л Е Д**
**на планирани приходи и расходи**

| Приходи | *1.1 Износ* | Расходи | Износ |
|---|---|---|---|
| Прих.од паз.такса | 600.000,00 | Потр.матерј.и суро. | 100.000,00 |
| Прих.од резервации | 3.300.000,00 | Потр.елект.енрг. | 300.000,00 |
| Приходи од закупнина | 430.000,00 | Трошоци за услуги | 250.000,00 |
| | | Амортизација | 200.000,00 |
| **Вкупно** | **4.330.000,00** | Бруто плати | 1.800.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Времени вработувања | 185.000,00 |
| | | Други трошоци | 150.000,00 |
| | | **Вкупно** | **2.985.000,00** |

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2022 ГОДИНА НА „БАЊА КЕЖОВИЦА“

Одделот “Бања Кежовица” во рамките на своите активности ги врши следниве основни дејности:

-обезбедува услови за бањско капење на граѓаните

-ноќевање и престој на гости во сопствени сместувачки капацитети

- одржување на постојните објекти и дворната површина .

Во делот за бањско капење бањата располага со женски и машки општ дел со соблекувални и 16 посебни туш кабини и 3 кади. Сместувачкиот дел располага со 13 соби со вкупно 30 легла и општа кујна со трапезарија. Објектот располага и со сопствена перална и машина за пеглање кои се користат за сопствени потреби.

Во текот на 2022 год. Се планирани следните активности:

| р.бр | опис на активноста | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на проектна документација за реконструкција на кров на оделот за престој на гости и уредување на дворната површина. | 100.000,00 |
| 2. | Изработка на проектна документација за реконструкција на кров на бањски објект. | 180.000,00 |
| | **Вкупно:** | **280.000,00** |

## П Р Е Г Л Е Д
## на планирани приходи и расходи

| **Приходи** | Износ |
|---|---|
| Прих.од такси биле. | 3.000.000,00 |
| Прих.од ноќевање | 600.000,00 |
| Прих.од тргов.стока | 90.000,00 |
| Вкупно: | **3.690.000,00** |

| **Расходи** | **Износ** |
|---|---|
| Потр.матерј.и суро. | 70.000,00 |
| Набавн.вред. | 60.000,00 |
| Потр.елект.енрг. | 400.000,00 |
| Трошоци за рез.делови | 30.000,00 |
| Трошоци за услуги | 30.000,00 |
| Амортизација | 250.000,00 |
| Бруто плата | 2.100.000,00 |
| Времени вработувања | 185.000,00 |
| Други трошоци | 400.000,00 |
| Вкупно | **3.525.000,00** |

Предвидената програма ќе се финансира од следниве извори: сопствени средства и донации.

# ПРОГРАМА
# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА ЗА 2022 ГОДИНА

Одржувањето на гробиштата ЈП "Исар"-Штип го врши преку Одделението "Градски гробишта"
Во текот на 2022 год. во градските гробишта се планирани следните активности:

## ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА

### Реконструкција и одржување на гробиштата:

| р.бр. | Опис на активноста | мера | кол. | Ед.цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Одржување на јавната чистота 12м´-12.000м² x5дена<br>Одржување на зелени површини 10.000x8x1(машинско косење, собирање и транспорт на искосена трева, одржување на дрвореди) | м²<br>м² | 720.000<br>80.000 | 0,30<br>2,10 | 216.000,00<br>168.000,00 |
| 2. | Изградба на нови зелени површини со поставување на корпи за отпадоци, контејнери. | м² | 300 | 400 | 120.000,00 |
| 3. | Поставување на влезни врати | бр | 5 | 10000 | 50.000,00 |
| | **Вкупно:** | | | | **554.000,00** |

**Изградба на нови гробни парцели**

| р.бр. | Опис на активноста | мера | кол. | Ед.цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на пристапни патеки низ гробиштата – спроти (ископ,поставување на шљунак, бетонирање д=15см | м² | 250 | 1.400 | 350.000,00 |
| 2. | Тампонирање, асфалтирање и бетонирање на пристапни патишта во нова парцела Н1 | м² | 800 | 1500 | 1.200.000,00 |
| 3. | Изведба на бетонски гробници | бр. | 250 | 8.000 | 2.000.000,00 |
| | **Вкупно:** | | | | **3.550.000,00** |

Одржување на капелата и пропратни објекти:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Тековно одржување | **4.800.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Се вкупно:** | **8.904.000,00** |

### Планирани приходи

| р.бр. | Опис | Износ |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Прих.од влез на оператори на погр.услуги | 700.000,00 |
| 2. | Приходи од ладилник и капела | 900.000,00 |
| 3. | Приход од додела на гробно место | 1.700.000,00 |
| 4. | Приход од такса за споменик | 1.600.000,00 |
| 5. | Приходи од бетонска гробница | 1.850.000,00 |
| 6. | Приходи од гробна такса гробарина | 2.200.000,00 |
| 7. | Приходи од закупнина | 201.000,00 |
| | **Вкупно** | **9.151.000,00** |

**Одделението за наплата** во 2022 год. ќе продолжи во континуитет да ги извршува следниве работни задачи:

- Редовно читање и проверка на водомерите од страна на реонските инкасатори.
-Редовно изготвување на месечните сметки за корисниците на услугите.
- Постојана комуникација и соработка со корисниците на услугите.
- Редовна наплата на месечните сметки,преку реонските инкасатори, преку наплатни центри во градот (Центар,Сењак, Градски Пазар, ) и Електронско плаќање преку web портал.
-Редовно изготвување на опомени пред тужби и решенија за исклучување од водоводната мрежа на корисниците кои нередовно ги плакаат сметките.

- Изготвување и достава до Правната служба на прегледи на корисниците кои нередовно ги плакаат сметките заради утужување.
- Склучување на Договори за водоснабдување, одведување на отпадни води, собирање, транспортирање и депонирање на отпад со сите корисници, договори за одржување на гробно место.
- Одделението за контрола на корисниците на услугите редовно ке ги контролира водомерите како и површините на објектите.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Имајќи во предвид дека ЈП "Исар" врши дејности од јавен интерес за граѓаните во текот на 2022г. ќе продолжи со работа ИНФО Центарот каде граѓаните ќе можат да ги достават сите свои барања, да ги добијат потребните информации и да остварат непосредни контакти со раководителите.

Со цел навремено и реално информирање на граѓаните за дневните активности на ЈП "Исар" како и воведување на транспарентност во работењето во текот на 2022г. ќе продолжи да се одржуваат web страната на ЈП www.jpisar.com.mk.и facebook страната. Непосредни контакти граѓаните може да остварат на следнава маил адреса: jpisar@t.mk

## Динамичен план за одржување на јавната чистота во Општина Штип

| I – ва Категорија<br>Метење на јавни и сообраќајни површини, улици, тротоари, плоштади и пакинг плацеви секој ден во годината. | | |
|---|---|---|
| Р.бр. | Име на површината | $m^2$ |
| 1 | **ул."Маршал Тито "**<br>Од Здравен дом до раскрсница кај црквата -подлога асфалт | 8,250 |
| 2 | **ул."Христијан Карпош"**од здравен дом до рас. со ул "Еврејска"<br>- подлога асфалт | 3,500 |
| 3 | **Плочник над "Безистен"**<br>-подлога мермерни плочи | 2,500 |
| 4 | **Плоштад "Слобода"**<br>- подлога мермерни плочи | 3,000 |
| 5 | **Плоштад "Тошо Арсов"**<br>-подлога асфалт | 5,000 |
| 6 | **Ул. "Ванчо Прке"**<br>-- подлога асфалт | 8,000 |
| 7 | **Бул. "Гоце Делчев"**<br>од раскрсница со ул."Ванчо Прке" позади црква "С.Никола" до Дом на култура<br>- подлога асфалт | 8,000 |
| 8 | **ул. "Борис Кидрич"**<br>од кружен тек пред Стопанска банка до зграда "промаја"<br>- подлога асфалт | 1,500 |
| 9 | **ул. "Г.М.Апостолски"**<br>- подлога асфалт | 8,600 |
| 10 | **ул. "Тодор Коларов"**од парк Кртеке до Клиничка болница<br>- подлога асфалт | 2,200 |
| | **Вкупно:** | **50,550** |

| II – ра Категорија<br>Метење на јавни и сообраќајни површини, улици, тротоари, плоштади и пакинг плацеви секој работен ден во годината освен Недела и државни празници. | | |
|---|---|---|
| Р.бр. | Име на површината | $m^2$ |
| 1 | **Борис Кудрич**- Штипски сокак<br>-подлога бетон | 300 |
| 2. | **Стара Чаршија** (степеници, тротоари, пролази)<br>Позади стамбени згради<br>- подлога бетон и терацо | 5,500 |
| 3. | **ул."Јосиф Ковачев",позади** "Трговски центар",<br>- подлога асфалт | 800 |
| 4. | **Кеј на река Отиња**<br>- подлога асфалт и плочки | 4,150 |
| 5. | **ул."Васил Главинов"** од Гимназија до мост кај Црква Св. | 3,500 |

| | | |
|---|---|---|
| | Никола<br>- подлога асфалт | |
| 6. | **ул."Кирил и Методи","Борис Кидрч**" од кружен тек Стопанска банка до кружен тек "Дујле"<br>- подлога асфалт | 10,750 |
| 7. | **ул "Борко Талев" (од гомназија до стар здравен дом)**<br>**-подлога коцка** | 2,000 |
| 8. | **ул."Партизанска"**<br>**од Дом на млади до спој со ул. Боро Арсов**<br>**-подлога асфалт** | 36,000 |
| 10. | **ул."Сутјеска"(дел)** од оу Г.Делчев до ЕВН<br>-подлога асфалт | 17,000 |
| 11. | **ул."Панче Карагозов"**<br>-подлога асфалт | 8,500 |
| 12. | **ул."Енгелсова"**<br>-подлога асфалт | 8,500 |
| 13. | **ул."Булевар ЈНА"**<br>- подлога асфалт | 11,000 |
| 14 | **Кружен тек "Дујле" до мост на Брегалница**<br>-подлога асфалт | 9,500 |
| 15. | **"Браќа Даневи" ( од спој со П.Карагозов до спој со Солидарност)**<br>-подлога коцка | 3,490 |
| 16. | **ул. "Сремски Фронт" од раскрсница Базалт до оу Д.Влахов**<br>-подлога асфалт | 9,600 |
| 17 | **Бул. "Гоце Делчев"** од рас. "В. Прке" ,"Мал Одмор" до кружен тек во нас." Жезезничка"<br>- подлога асфалт | 31,000 |
| 18 | **Ул "Радански пат" –**подлога асфалт од спој со Сутјеска до Плестина | 3.900 |
| 19 | **ул. "Борис Крајгер"** ( од спојот со ул. Панче Караѓозов до зелена зграда Сењак )<br>-подлога асфалт | 10.000 |
| | **Вкупно** | **175,490** |

**III – та Категорија**
**Метење на јавни и сообраќајни површини, улици, тротоари, плоштади и пакинг плацеви еднаш во неделата.**

| **р.бр.** | **Име на површината** | **m²** |
|---|---|---|
| 1. | **ул. "Димитар Влахов"** ( од црква до мост на р.Брегалница )<br>-подлога асфалт | 6,500 |
| 2. | **ул. "Крсте Мисирков"**<br>-подлога асфалт | 3,000 |
| 3. | **ул. "Христијан Карпош"** ( до раскр. со ул "Коле Неделков")<br>-подлога асфалт | 4,500 |
| 4. | **ул. "С.Стојменски"** ( од црвена кула до ул.И.Л.Рибар)<br>-подлога асфалт | 1,760 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **ул. "Стојан Рибата"** (од И.Л.Рибар до трговски центар ) -подлога аспфалт | 2,500 |
| 6. | **ул. "И.Л.Рибар"** (од ул.Ванчо Прке до спој со у.л.Б.Кидриќ - подлога асфалт) | 6,000 |
| 7. | **ул. "Солидарност"** ( од спој со П.Карагозов до диспанзер ) -подлога коцка | 7,500 |
| 8. | **Пешачка патека река Отиња** -подлога бехатон | 3,000 |
| 9. | **Ул. Вардарска** (од спој со И.Л.Рибар до кружен тек Дујле) -подлога асфалт | 3,500 |
| | **Вкупно** | **38,260** |

| **IV- та Категорија**<br>**Метење на јавни и сообраќајни површини, улици, тротоари, плоштади и пакинг плацеви еднаш месечно.** | | |
|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Име на површината** | **$m^2$** |
| 1. | **ул. "Лески"** -подлога асфалт | 6,700 |
| 2. | **ул. "Крушевска Република"** -подлога асфалт | 4,500 |
| 3. | **Суитлак улица** -подлога асфалт | 3,500 |
| 4. | **Суитлак шеталиште** -подлога коцка | 1,500 |
| 5. | **ул."Страшо Пинџур" ( од кам.мост до Фонд за здрав. )** -подлога асфалт и коцка | 2,650 |
| 6. | **ул. "Вита Поп Јорданова"** -подлога асфалт | 3,500 |
| | **Вкупно** | **22,350** |

| **Миење на улици со асфалтна подлога еднаш месечно седум месеци во годината** | | |
|---|---|---|
| **Р.бр.** | **Име на површината** | **$m^2$** |
| 1 | "Хр.Карпош"(дел)<br>"Маршал Тито"(дел)<br>"Крсте Мисирков" | 2,500<br>9,500<br>3,000 |
| 2 | "Г.М.Апостолски" (дел)<br>"Васил Главинов"(дел)<br>Димитар Влахов"до бенз.пум<br>"Партизанска" до кружен тек "Дујле" | 3,000<br>1,600<br>2,200<br>3,500 |
| 3 | "В.Влаховиќ",<br>"Гоце Делчев"од раск.Алумина до раск. на ул. ."Ванчо Прке" | 19.000 |
| 4 | "АВНОЈ" кеј кај кулите<br>"Јосиф Кова~ев"(дел)<br>"Борис Кидри~"и | 3,960<br>4,150<br>3,000 |

| | | |
|---|---|---|
| | дел од"Кирил и Методиј | 10,750 |
| 5 | Булевар"ЈНА"<br>Енгелсова | 4,640<br>5.650 |
| 6 | Сремски Фронт", "Д.Крупишки"<br>"Лески"<br>"Крушевска Република" | 22,000<br>6,700<br>4,500 |
| 7 | "Сутјеска" од о.у.Гоце Делчев до ЕВН<br>"Вардарска" од спој со "И.Л.Рибар" до спој со "Б.Кидриќ" | 17,000<br>3,500 |
| | **Вкупно** | **130,150** |

370.

КОМИСИЈА
ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Врз основа на член 100 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Комисијата за статут и прописи на седницата одржана на 2 јуни 2022 година го утврди Пречистениот текст на Одлуката за комунален ред на Општина Штип.

Пречистениот текст на Одлуката ги опфаќа Одлука за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/13), Одлука за измена на Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 15/21) и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/22).

Број 08-3430/5 Комисија за статут и прописи
2 јуни 2022 година Претседател,

Ш т и п Душко Иванов, с.р.

О Д Л У К А
ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА ШТИП
(пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува комуналниот ред во Општина Штип и се пропишуваат мерки за нејзино спроведување.

Член 2

Под комунален ред во смисла на оваа Одлука се подразбра уредување на односите помеѓу физичките и правните лица даватели и корисници на комунални услуги и начинот на вршење на комуналните дејности.

Член 3

Комунални дејности што се уредуваат со оваа Одлука се:

1. Снабдување со вода за пиење;
2. Одведување и прочистување на отпадни води;
3. Одведување и испуштање на атмосферски води;
4. Управување со комунален отпад и други видови на неопасен отпад;
5. Депонирање на индустриски отпад и штетни материи;
6. Депонирање отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи;
7. Одржување на јавна чистота во градски и други населби;
8. Одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини;
9. Јавен општински превоз;
10. Одржување на општинските патишта и улици, уличната сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење;
11. Раскопување на јавните површини;
12. Одржување и користење на јавниот простор за паркирање;
13. Отстранување на нерегистрирани и хаварисани возила, приколки и камп приколки и земјоделски машини;
14. Одржување на гробови, гробишта и давање погребални услуги;
15. Одржување на јавното осветлување;
16. Одржување и користење на пазари на големо и мало;
17. Вршење на оџачарски услуги;
18. Одржување на комунални уреди;
19. Уловување, згрижување и ерадикација на животни скитници;
20. Украсување на населените места;
21. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
22. Чување животни, пчелни семејства и домашни миленици во урбани средини;
23. Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини, и
24. Одржување на речните корита.

Член 4

Комуналните дејности од член 2 на оваа Одлука се дејности од јавен интерес.

Комуналните дејности од член 2 на оваа Одлука можат да ги вршат даватели на комунална услуга.

Давател на комуналната услуга може да биде:

- јавно претпријатие основано од Општина Штип,

- други домашни и странски физички и правни лица кои поседуваат дозвола за вршење комунална дејност издадена од надлежен орган.

Давателите на услуги се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

Член 5

Корисник на комунална услуга во смисла на оваа Одлука се физички и правни лица кои ги користат услугите, објектите, опремата и површините во сферата на комуналните дејности на подрачјето на Општина Штип.

Корисниците на услугите се должни да се придржуваат на одредбите од оваа Одлука заради непречено и функционално вршење на комуналните дејности.

Член 6

Јавни површини во смисла на оваа Одлука се:

- јавни изградени површини
- сообраќајни површини (коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, патни појаси на улиците, јавни паркиралишта, надвозници, подвозници, мостови, такси стојалишта, стојалишта на јавниот градски превоз и слични површини);
- други изградени површини (плоштади, шеталишта, скалила што поврзуваат јавни површини, потпорни и обложни ѕидови, уреди за одводнување и слични површини)
- јавни зелени површини (паркови, парк-шуми, дрвореди, живи огради, тревници, цветници, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај станбените објекти и покрај јавните објекти, спортско рекреативните и водни површини и други слични површини)
- јавни неизградени површини.

Одредбите на оваа Одлука се однесуваат и на други површини определени со оваа одлука.

## II. УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

### 1. Снабдување со вода за пиење

Член 7

Под поимот снабдување со вода за пиење се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

Вода за пиење е секоја вода, во својата првобитна состојба или по третман, наменета за консумирање од страна на човекот, подготовка на храна или за други домашни намени, без оглед на тоа од каде потекнува и дали се снабдува од водоводната мрежа или од цистерни.

Водоснабдителен систем е збир на хидротехнички објекти за снабдување со вода за пиење и тоа: водозафат (место каде давателот на услугата зафаќа површинска или подземна вода), резервоар, објект за обработка на вода, пумпна и хлоринаторска станица, главен довод, магистрален вод, улична водоводна мрежа и водоводен приклучок заедно со придружните објекти и опремата за довод на вода од водозафатот до приклучокот на главниот водомер на корисникот на услугата.

Водоводна мрежа на корисникот на услугата е од главниот водомер со водомерната шахта и целокупната водоводна мрежа на корисникот на услугата.

Водоводен приклучок е водоводна цевка од уличната мрежа, односно од регионалниот водоснабдителен систем до водоводниот вентил (затворач) пред главниот водомер во водомерната шахта.

Водомерна шахта е објект на корисникот на услугата во која се монтира (поставува) главниот водомер на водоводниот приклучок.

Член 8

Снабдувањето со вода за пиење е дејност од јавен интерес.

Давател на услуга на дејноста од став 1 на овај член е Јавното претпријатие за комунално-производни дејности „Исар“ од Штип (во натамошниот текст: ЈП „Исар“).

Член 9

ЈП „Исар“ врши снабдување со вода за пиење со зафаќање, обработка и дистрибуција на водата преку водоснабдителниот систем до главниот водомер на корисникот на услугата.

Со водоснабдителниот ситем управува и го одржува ЈП „Исар“.

ЈП „Исар“ утврдува надоместок за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем и висината на надоместокот зависно од големината на водоводниот приклучок, трошоците за приклучување, хидротехничките услови и друго.

Согласност на висината на надоместокот од став 3 на овој член дава Советот на Општина Штип.

Член 10

ЈП „Исар“ како давател на услугата е должен:

1. На корисниците на услугата да им обезбеди трајно и непрекинато снабдување со здравствено исправна и чиста вода за пиење преку изградениот водоснабдителен систем;
2. По исклучок од ставот 1 на овој Член ако дојде до нарушување или прекин во давањето на услугата во случај на оштетување на водоснабдителниот систем поради виша сила, поголеми хаварии и дефекти, во случај на недоволна периодична издашност на извориштата, во случај на здравствена неисправност на водата за пиење или во случај на прекин во снабдувањето со електрична енергија таму каде што давателот на услугата е зависен од истата, да ги информира корисниците на услугата за нарушувањата или прекинот во давањето на услугата, согласно со закон.

3. Да врши испитувања на здравствената исправност на водата за пиење на начин и постапка согласно со закон и прописите кои произлегуваат од него;
4. Да ги спроведува санитарно хигиенските мерки потребни за обезбедување на здравствено исправна вода за пиење согласно со закон и прописите кои произлегуваат од него;
5. Непрекинато да ги одржува во исправна состојба објектите и инсталациите на водоснабдителниот систем во Општина Штип;
6. Да ги проширува изворите, објектите и мрежата на водоснабдителниот систем со цел што повеќе корисници да се приклучуваат на истиот, во зависност од сопствените можности, односно можностите на Општина Штип и Републиката;
7. Да ги изведува работите за водоводен приклучок од водоводната цевка од уличната мрежа до водоводниот вентил (затворач) пред главниот водомер во водоводната шахта;
8. Во случаите кога корисниците на услугата не можат да се снабдат со вода за пиење непрекинато над 12 часа, да ги снабди корисниците на услугата со вода за пиење на начин утврден со Планот за вршење на дејноста во вонредни околности;
9. Да ги информира корисниците на услугата за начинот на снабдувањето од став 8 на овој Член;
10. Да донесе План за начинот на вршење на дејноста во вонредни околности, согласно со стандардите и вредностите на квалитетот на водата и неопходното количество на вода за пиење во согласност со Советот на Општина Штип;
11. На барање на инвеститорот пред добивањето на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на постоечкиот објект да издаде потврда за постоење или непостоење на водоводна мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа;
12. Да обезбеди целосна документација за водоснабдителниот систем, заради воспоставување на подземен катастар;
13. Да го одржува во исправна и функционална состојба водоснабдителниот систем од денот на добивањето на решение за употреба;
14. Да го одредува водоводниот приклучок на корисникот на услугата и тоа:

- водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајќи го и првиот вентил пред водомерот кај индивидуалните станбени објекти, односно до границата на имотот  локацијата ако водомерната шахта е поставена на непрописно и непристапно место или е сместена во подрумски простории,
- водоводната инсталација до надворешниот ѕид од станбениот објект ако главниот водомер се наоѓа во објектот, за колективни станбени згради, и

- водоводната инсталација до водомерната шахта вклучувајќи го првиот вентил пред водомерот, ако водомерната шахта се наоѓа пред колективната станбена зграда;

15. Претходно да добие одобрение за раскопување од Градоначалникот на Општина Штип во случаите кога отстранувањето на дефектот бара рескопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина. Доколку дефектот на водоснабдителниот систем бара итно отстранување поради опасност од настанување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна површина, давателот на услугата го врши веднаш без одобрение, но за преземените мерки е должен писмено да го известува Одделението за комунални дејности. По завршувањето на работите давателот на услугата е должен улицата, коловозот или јавната површина времено да ги санира во согласност со ЈП „Стипион 2011“;
16. Да ја надомести евентуалната штета на сопственикот или корисникот на земјиштето настаната со изведување на работите заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од водоснабдителниот систем;
17. Изградбата, реконструкцијата или доградбата на водоснабдителниот состем да ја врши на начин и услови определени со Закон и со Програмата за уредување на градежното земјиште на Општина Штип.
18. Да ја определи цената за кубен метар потрошена вода за пиење и надоместокот за приклучување на корисникот на услугата на водоснабдителниот систем согласно одредбите на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Член 11

Новите корисници на услугите може да бидат приклучени на постојниот јавен водовод до колку ги исполнуваат условите утврдени со важечките прописи и техничките нормативи со кои се обезбедува непречена испорака на квалитетна вода во договорената количина, проток, континуитет и безбедност на луѓето и објектите.

Член 12

Новите корисници на услугите ќе бидат приклучени на јавниот водовод само ако водоводната инсталација во нивните објекти е изградена според важечките прописи и техничките нормативи.

Член 13

Меѓусебните права и обврски помеѓу ЈП „Исар“ како давател на услугите и корисникот на услугите се регулира со посебен договор за користење на услуги.

Член 14

ЈП „Исар“ е должен во рок од 8 дена сметано од денот на поднесувањето на барањето за приклучок да се произнесе по барањето за добивање на водоприклучна согласност.

Член 15

Чистењето, монтирањето и демонтирањето на водомерите се врши од овластено лице на ЈП „Исар“. Корисникот на услугите е должен на овластеното лице да му овозможи непречено читање како и демонтирање на водомерот ако за тоа постојат оправдани причини. При оштетување на водоводна мрежа давателот на услугите е должен да ги преземе потребните мерки за отстранување.

Член 16

Во случај на предвидливи прекини на водоснабдувањето, ЈП „Исар“ е должен преку средствата за јавно информирање да ги извести корисниците на услугите за времетраењето на прекинувањето на водата за реонот каде таа ќе биде прекината пред водата да биде прекината.

Член 17

Корисникот на услугите е должен веднаш да го извести давателот на услугите за секаков дефект што ќе настане на водоводниот приклучок и водоводните шахти. По добивањето на известието давателот на услугите, а најдоцна за 6 часа е должен да преземе мерки за отстранување на дефектот. Доколку корисникот на услугите не го пријави настанатиот дефект, должен е да ја надомести штетата.

Член 18

Користењето на водата од противпожарните и уличните хидранти е исклучиво наменски.

Доколку физички или правни лица користат вода од противпожарните и уличните хидранти ненаменски, истите се исклучуваат од понатамошно користење на водата од хидрантите и ги поднесуваат сите трошоци настанати за враќање во првобитната положба.

Член 19

Доколку корисникот на услугите е во реон каде што не поминал јавниот водовод, можно е истиот да се приклучи со доградба на водоводната мрежа под следните услови:

- на товар на корисникот да се направи проширување на јавната водоводна мрежа и на јавниот водоводен објект за обезбедување на вода што ја бара корисникот;
- во случај ако капацитетот на водата не ги задоволува потребите на корисникот на услугите, трошоците за зголемување на капацитетот ќе ги поднесе корисникот.

Член 20

Услугите за користење на вода, давателот на услугите може да ги откаже во следниве случаи:

- ако местото каде што се наоѓа водомерот е нечисто, затрупано или е непристапно, а корисникот не ги отстрани недостатоците и по писмената опомена од овластеното лице на давателот на услуги;
- ако корисникот на услугите без одобрение или знаење на давателот на услугите приклучи друг корисник;
- ако корисникот на услугите самоволно се приклучи на јавната водоводна мрежа;
- ако корисникот на услугите не ја помири сметката за потрошената вода за три месеци, а по претходно добиена писмена опомена;
- ако противзаконито се приклучи пред водомерот.

Член 21

Давателот на услугите единствено има право да ја отвори и затвори арматурата од двете страни на водомерот.

По исклучок, корисникот на услугите може да ја затвори арматурата ако дојде до дефект или поголема поправка на внатрешната инсталација, а арматурата пред водомерот може да ја отвори само во случај на дефект на водомерот и за тоа веднаш или најкасно во рок од 24 часа да го извести давателот на услугите за настанатиот дефект.

Ако корисникот смета дека водомерот е неисправен може да побара давателот на услугите да изврши преглед на водомерот.

Член 22

Над и покрај водоводната шахта и приклучоците како што се затворачи, огрлици, улични хидранти и шахти, не е дозволено оставање и складирање на било каков материјал кој ќе ја оневозможи нивната употреба.

До колку се случи тоа, давателот на услугите за сметка на корисникот ќе ги отстрани депонираниот материјал.

Член 23

При одржување на јавната водоводна мрежа и приклучоци ако над нив веќе има изградено објект или поминува преку земјиште и дворно место на корисникот, давателот на услугите има право на непречена работа, а сопственикот на земјиштето или дворното место има право на надоместок на евентуална штета.

Член 24

До колку дојде до преместување на водоводната мрежа и приклучоци за спроведување на урбанистичкиот план, како и за доградба на подземни инсталации, сообраќајници и други објекти, трошоците ќе ги сноси инвеститорот на објектот кој го предизвикува преместувањето на водоводните линии.

Член 25

Корисниците на услугите се должни:

1. Пред добивање на одобрение за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечкиот објект, инвеститорот е должен да прибави

потврда од давателот на услугата за постоење или непостоење на водоводна мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на водоводната мрежа;

2. При дефект на водоводната мрежа која поминува низ имот на физичко или правно лице, сопственикот, односно корисникот на имотот е должен да му овозможи на давателот на услугата непречено отстранување на дефектот;
3. Над и покрај водомерната шахта, во пречник од најмалку три метри, корисникот на услугата не смее да депонира каков било материјал, со кој би се оневозможила нејзина употреба и користење;
4. Сопственикот или корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од водоснабдителниот систем;
5. Секој корисник на услугата е должен да има сопствен водомер како единствено мерно средство за определување на потрошувачката на вода на корисникот на услугата ;
6. Корисникот на услугата е должен да овозможи пристап на овластен работник на давателот на услугата заради читање на водомери и одржување на водоводниот приклучок.
7. Ако водомерот е неисправен, закочен, стопен и слично и корисникот на услугата е должен во рок од три дена од констатирањето на дефектот за тоа да го извести давателот на услуга;
8. Физичките и правните лица кои произведуваат и вршат промет со прехранбени производи и пијалаци, а кои се лоцирани (поставени) на просторот опфатен со урбанистичкиот план на Општина Штип, во реоните каде што постои можност за користење на вода од водоснабдителниот систем, должни се да се приклучат и да ја користат водата од водоснадителниот систем со кој управува давателот на услугата;
9. Корисникот на услугата е должен да се придржува на мерките за штедење на вода во време на рестрикција.

Член 26

Заради заштита и спречување на оштетување за водоснабдителниот систем се забранува:

- изградба на станбени и други објекти над водоводната мрежа;
- приклучување на водоводна мрежа без одобрение за приклучување;
- поврзување на водоводна мрежа на корисникот на услугата кој користи вода од индивидуални извори со водата од водоводниот приклучок;
- бесправно користење на вода пред водомер;
- самоволно демонтирање и монтирање на водомери и водоводни арматури без согласност на давателот на услугата;
- вршење изградба на објекти од водоснабдителен систем без одобрение за градење;

- бесправно користење на вода без исправно поставен водомер;
- намерно оштетување на јавната водоводна мрежа, и јавните украсни чешми;
- корисникот на услугата без одобрение да дозволени приклучувања на друг корисник од неговиот приклучок;
- оставање и складирање на каков било материјал над и покрај водомерната шахта, во пречник од најмалку три метри со кој би се оневозможила нејзина употреба и користење.

**2. Одведување и прочистување на отпадни води**

Член 27

Под одведување и пречистување на отпадни води се подразбира прифаќање на отпадните води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со уличната канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиентот, како и чистење на септичките јами.

Одведување на урбани отпадни води е собирање на отпадните води од станбените, деловните, производните, административните и нив слични простори во агломератот, од приклучокот на дворната мрежа, одведување со улична канализациона мрежа, пречистување во пречистителните станици и испуштање на отпадните води во реципиентот.

Реципиент е секоја проточна и стоечка вода на површината на земјата во која се испуштаат урбаните отпадни и атмосферски води.

Урбани отпадни води се отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни води и атмосферски води, односно мешавина од отпадни води од домаќинствата, индустриски отпадни води и атмосферски води.

Урбани води од домаќинствата се отпадни води од станбени населби и од сервисните капацитети, кои што главно потекнуваат од човечкиот метаболизам и од активностите во домаќинствата.

Индустриска отпадна вода е секоја отпадна вода што се исфрла од просториите кои се користат за извршување на индустриска или трговска дејност.

Канализационен систем е збир на хидротехнички објекти и тоа: колектори, магистрални канали, улична канализациона мрежа, атмосферска канализациона мрежа, црпни станици, сифони и постројки за почистување на урбаните отпадни води.

Канализационен приклучок е спојот на канализационата мрежа на корисникот на услугата со уличната канализациона мрежа.

Хидротехнички услови е акт на давателот на услугата издаден врз основа на претходно добиен извод од ДУП во кои се дефинира постоечката, односно предвидената улична канализациона мрежа.

Ревизиони шахти се објекти кои се поставуваат на одредени растојанија на уличната канализациона мрежа и служат за контрола и одржување на истата.

Приклучни (контролни) шахти се објекти кои се наоѓаат на канализациониот приклучок меѓу уличната канализациона мрежа и објектот на корисникот на услугата и служат за одржување на канализациониот приклучок на корисникот на услугата.

Член 28

Давател на услугата од член 27 на оваа Одлука е ЈП „Исар“ Штип.

Корисник на услугата е правно или физичко лице сопственик на станбен, деловен, производствен, административен и на нив сличен објект, приклучен на канализационата мрежа.

Член 29

Давателот на услугата врши:

- Одведување на урбани отпадни води во реципиентот со нивно собирање од корисниците на услугата преку канализационата мрежа, пречистување и испуштање во реципиентот;
- управување и одржување на канализациониот систем;
- ја утврдува висината на надоместокот за приклучување на корисникот на услугата во канализациониот систем по претходна согласност на Советот на Општина Штип;
- се грижи за исправно функционирање на целокупната канализациона мрежа, за која цел формира посебна единица за одржување;
- редовно врши пречистување на канализационата мрежа;
- врши поправка на оштетените делови од објектите на канализационата мрежа;
- дава стручни упатства за изведување на дел од канализацијата што ја вршат граѓаните;
- обезбедува дежурна служба за отстранување на дефектите и недостатоците за потребите на канализационата мрежа;
- дава хидротехнички услови за приклучок и го извршува самиот приклучок:
- пропишува технички услови за изведување на приклучок и на објектите за приклучок;
- врши и други работи сврзани со управувањето и одржувањето на канализационата мрежа.

Член 30

Давателот на услугата е должен:

- на корисниците на услугите да им обезбеди трајно и непрекинато одведување на урбаните отпадни води преку изградениот канализационен систем;
- изградбата , реконструкцијата или доградбата на канализациониот систем или на дел од него да го врши на начин и услови определени со закон и Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Штип;
- на барање на корисникот на услугата (инвеститор) пред добивање на одобрение за градба на нов објект, реконструкција или доградба на

постоечки објект, да издаде потврда за постоење или непостоење на канализационата мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на канализационата мрежа;

- да обезбеди целосна документација на канализациониот систем, заради воспоставување на подземен катастар;
- да го одржува канализациониот систем од денот на добивањето на решението за употреба;
- претходно да прибави одобрение за раскопување од надлежен орган во случаите кога отстранувањето на дефектот на канализациониот систем бара раскопување на улица, коловоз, јавна површина;
- Претходно да добие одобрение за раскопување од Градоначалникот на Општина Штип во случаите кога отстранувањето на дефектот бара рескопување на улица, коловоз, јавна или зелена површина. Доколку дефектот на канализациониот систем бара итно отстранување поради опасност од настанување на поголеми штети, раскопувањето на улица, коловоз, јавна површина, давателот на услугата го врши веднаш без одобрение, но за преземените мерки е должен писмено да го известува Одделението за комунални дејности. По завршувањето на работите давателот на услугата е должен улицата, коловозот или јавната површина времено да ги санира во согласност со ЈП „Стипион 2011";
- да ја надомести евентуалната штета на сопственикот или корисникот на земјиштето настаната со изведување на работи во врска со вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите од канализациониот систем.

Член 31

Корисникот на услугата (инвеститорот) пред добивање на одобрение за градење на нов објект, реконструкција или доградба на постоечки објект е должен да прибави потврда од давателот на услугата за постоење или непостоење на канализациона мрежа под објектот за кој се однесува одобрението, односно техничка можност за приклучување на канализационата мрежа. Корисникот на услугата е должен да ја одржува канализационата мрежа на корисникот на услугата на сопствена сметка.

Корисниците на услугата се должни веднаш да го известат давателот на услугата за оштетувањето или дефект што ќе настане на канализационата мрежа на корисникот на услугата.

Корисниците на услугата кои вршат индустриска или трговска дејност се должни да извршат потребно прочистување на начин утврден со закон пред да ги испуштат индустриските отпадни води во канализациониот систем.

Сопственикот или корисникот на земјиштето е должен да дозволи премин преку тоа земјиште заради вршење премер, снимање, проектирање, изградба и изведување на работи за одржување и реконструкција на објектите на канализациониот систем.

Секој сопственик на изграден или делумно изграден објект е должен да ја спои својата куќна канализација со уличната канализација истовремено кога уличната канализација ќе биде изградена.

Член 32

Давателот на услугата има право да го прекине одведувањето на урбаните отпадни води во следните случаи:

1. Во случај кога корисникот на услугата и по претходна писмена опомена не ја исполнува обврската за плаќање на надоместокот;
2. Ако продолжувањето на одведувањето на урбаните отпадни води би претставувало опасност за трети лица или за животната средина и природа;
3. Ако физичко лице или правно лице бесправно е поврзано на канализациониот приклучок;
4. Ако корисникот на услугата на својот приклучок, дозволи приклучување на друг корисник без одобрение и согласност на давателот на услугата;
5. Ако корисникот врши одведување на води со примена на киселина, алкохолни и други соли, води кои содржат бензин, нафта, разни масла и други хемикалии што разорно делуваат на каналските цевки и топли води со температура над $40^{o}C$;
6. Ако корисникот врши одведување на води и предмети што развиваат токсични експлозивни гасови;
7. Ако корисникот врши одведување на води и предмети причинители на заразни и паразитни заболувања и радиоактивно зрачење;
8. Ако корисникот врши одведување на отпадни води со предмети и примеси што можат да ја оштетат канализационата мрежа или да го попречат правилното функционирање на мрежата;
9. Ако корисникот со одведувањето на отпадна вода врши одведување на ѓубре, пепел, коски, гипс, цемент, песок, крпи и други предмети што можат да ја оштетат или зачепат канализационата мрежа и отворените водотеци и го попречат нивното нормално функционирање;
10. Ако е донесено решение од надлежен инспекциски орган; и
11. Ако настане поголемо оштетување на канализационата мрежа во имотот на корисникот, а со цел да се отстрани оштетувањето и сопре поголемо оштетување.

Трошоците за прекинувањето и повторното приклучување од претходниот став паѓаат на товар на корисникот на услугата.

Член 33

Заради заштита и спречување на оштетување на канализациониот систем се забранува:

- изградба на станбени и други објекти над канализационата мрежа;
- приклучување на канализационата мрежа без одобрение за приклучување;

- испуштање на цврсти материи: песок, земја, цемент, вар, камења, дрва, пепел, трска, метал, стакло, пластични материи, катран и други слични материи со поголем вискозитет во канализациониот систем;
- испуштање на урбани отпадни води, чија концентрација на сулфатниот јон е поголема од 250 мг/л, како и урбани отпадни води од септички јами и отпад во канализациониот систем;
- испуштање на отпадни материи и води кои го оштетуваат ѕидовите на канализациониот систем;
- испуштање на нафта и нафтени деривати, како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи во канализациониот систем;
- испуштање на отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води во системот на атмосферската канализација, односно испуштање на атмосферски води во канализациониот систем за отпадни води од домаќинства и индустриски отпадни води;
- испуштање на индустриски отпадни води во канализациониот систем без претходо извршено потребно пречистување;
- на било каков начин се врши оштетување на канализационата мрежа;
- испуштање на предмети што развиваат тоскични експлозивни гасови;
- испуштање на предмети и материи кои се причинители на заразни и паразитни заболувања и радиоактивно зрачење.

## 3. Одведување и испуштање на атмосферски води

Член 34

Под одведување и испуштање на атмосферски води се подразбира прифаќање на атмосферските води од урбаните површини, одведување со канализационата атмосферски мрежа и испуштање во реципиент.

Атмосферски води се сите површински води предизвикани од атмосферските врнежи кои преку сливниците се слеваат во атмосферската канализација.

Атмосферска канализација (мрежа) е збир на хидротехнички објекти кои служат за прифаќање, одведување и испуштање во реципиент на атмосферската вода од урбаните површини.

Член 35

Давател на услугата одведување и испуштање на атмосферските води во Општина Штип го врши Јавното претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално-услужни дејности „Стипион 2011“ Штип (во натамошниот текст: ЈП „Стипион 2011“).

Член 36

Давателот на услугата врши:

- прифаќање, одведување и испуштање на атмосферските води од урбаните површини преку атмосферскиот канализационен систем до реципиентот;
- управување и одржување на атмосферската канализациона мрежа.

Член 37

Давателот на услугата е должен:

- трајно и непрекинато да обезбеди одведување на атмосферските води од урбаните површини преку изградената атмосферска канализациона мрежа;
- да се грижи за исправноста и функционирањето на целокупната атмосферска канализациона мрежа, а посебно да врши редовно прочистување и да врши поправка на оштетените придружни објекти на атмосферската канализациона мрежа;
- да врши редовно чистење на коритата на отворените канали и водотеци во градежниот опфат на градот или населените места;
- во случај на поголеми врнежи од дожд или брзо топење на снегот да обезбеди дежурна служба за интервенција и итно санирање и отстранување на настанатите штети со цел да се обезбеди нормалното функционирање на атмосферската канализациона мрежа;
- да врши редовна поправка на оштетените делови од атмосферската канализациона мрежа;
- да обезбеди целосна документација на канализациониот систем за прифаќање на атмосферските води, заради воспоставување на подземен катастар.

Член 38

Заради заштита и спречување на оштетување на атмосферската канализациона мрежа **се забранува:**

- испуштање на отпадни води од домаќинствата и индустриски отпадни води во системот на атмосферската канализација;
- испуштање на отпадни води од септичките јами и друг отпад во системот на атмосферската канализација;
- испуштање на нафта и нафтени деривати, разни масла и слично како и цврсти и течни запаливи материи и експлозивни материи во системот на канализационата атмосферска мрежа;
- приклучување на фекалната канализација во атмосферската канализација;
- фрлање на било какви предмети и отпадоци во отворените канали и водотеци;
- оштетување на атмосферската канализациона мрежа и нејзините придружни објекти.

**4. Управување со комунален отпад и други видови неопасен отпад**

Член 39

Под управување на комунален отпад и други видови на неопасен отпад се подразбира селектирање, собирање, транспортирање и обработка на комуналниот отпад од населението и индустријата, негова рециклажа и преработка, депонирање на уредени депонии, како и одржување на депониите.

Комунален отпад е отпадот што се создава во секојдневниот живот и работа во станбени, дворни, деловни и други простории и површини и тоа: куќни отпадоци од различни видови, отпадоци од храна, градинарски, овошни и други земјоделски култури, хартија, картонска амбалажа, крпи, разни дрвени, метални стаклени, порцелански, кожни, пластични и гумени предмети и на нив слични нештетни отпадоци.

Комунален отпад е неопасниот отпад што се создава од физичките лица во домаќинствата. Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, индустриски, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности, кои според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

Преработка на отпадот е операција утврдени со Законот за управување со отпадот, која има за цел да ги искористи употребливите материи и состојки на отпадот, а притоа ја опфаќа постапката за повторно користење на отпадот, за рециклирање и за користење на отпадот како извор на енергија, исклучувајќи го горењето на отпадот заради негово дефинитивно отстранување.

Отстранување на отпадот се операциите што обезбедуваат конечно решение за отпадот што не може повторно да биде употребен или преработен, а притоа не се загрозува животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Рециклирање на отпадот е операција за добивање супстанции од отпадот (секундарни суровини) и нивно користење како замена за примарните суровини или користење на својствата на супстанциите содржани во отпадот за нивната првична намена или за други намени, вклучувајќи го директното користење на енергијата на отпадот.

Собирање на отпадот е збир од организирани дејности коишто опфаќаат постапки со кои отпадот се подготвува за транспорт.

Складирање на отпадот е организирана дејност за складирање на создадениот отпад во објекти коишто ги исполнуваат пропишаните услови за таа намена за период пократок од три години, доколку складираниот отпад е наменет за третман и за преработка, или за период пократок од една година, доколку отпадот е наменет за отстранување.

Член 40

Создавачите, односно поседувачите на отпадот се должни да го селектираат отпадот.

Член 41

Селектираниот отпад се остава на посебните места за собирање односно во посебни садови кои се поставуваат на јавните површини во формирани зелени острови за поставување на садовите за секој вид отпад.

Останатиот отпад од домаќинствата се става во вреќи или во посебни садови за тој отпад и се остава на местата за собирање и селектирање на комуналниот отпад

Правните и физичките лица се должни да го одделат опасниот дел содржан во комуналниот отпад и да го остават на местата за собирање на опасниот дел од комуналниот отпад определени од Општина Штип.

Член 42

На подрачјето на град Штип комуналниот отпад се собира и транспортира организирано.

Давател на услугата за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во Општина Штип е ЈП „Исар“.

Сопствениците на зградите, становите, и деловните простории, закупците и другите корисници на станбените и деловните простории (во натамошниот текст: создавачи и поседувачи на отпадот) имаат обврска задолжително да ги користат услугите за отстранување на комуналниот отпад на начин и под услови утврдени со оваа Одлука и другите прописи кои ги уредуваат овие односи.

Член 43

Отпадот од дворните места се собира во посебни вреќи за отпад и се остава до садовите за собирање на отпадот.

Останатиот отпад од домаќинствата се собира во вреќи или во садови за тој отпад, поставени на определени места.

Член 44

Отпадот од домаќинствата треба да се собира само во типизирани садови (канти).

Во кантите не смее да се става жар, врел пепел, течности, мртви животни и слично.

Кантите за собирање на отпадот од домаќинствата ги набавуваат на свој трошок создавачите на отпадот или ЈП „Исар“ на трошок на корисникот на услугата.

Член 45

Кантите за секое домаќинство, се ставаат на определените места и отпадот од нив се подига во деновите и времето што ќе го одреди ЈП „Исар“ по претходна динамика утврдена во Програмата за работа на ЈП „Исар“.

Член 46

Отпадот од колективните згради се собира и во посебни садови за отпад - контејнери.

Во контејнерите не смее да се фрла жар, врел пепел, течности, мртви животни и слично.

Член 47

Контејнери во колективните станбено-деловни објекти мора да имаат одреден простор или место за сместување на садот за отпад и доволен број за да ги задоволи потребите на домаќинствата.

Бројот и видот на садовите за отпад за секоја поодделна зграда го одредува јавното претпријатие за комунални дејности или правното и физичко лице кое е овластено за собирање и транспортирање на отпадот.

Член 48

Садовите за отпадот од домаќинствата ги набавува правното или физичкото лице кое е овластено за собирање на отпадот на трошок на корисниците на услугата.

Собирачот на отпадот е должен да ги пере, дезинфицира и дезинсекцира контејнерите најмалку два пати годишно, и да ги одржува во исправна состојба а за кантите тоа да го врши корисникот.

Местата околу садовите за отпад мора да бидат во чиста и уредна состојба за кои се должни да се грижат собирачите на отпадот.

Член 49

Создавачите на отпад должни се отпадот да го ставаат во садовите за отпад така да не се растура и да не го валка просторот околу садот. Кантите и контејнерите за отпад мораат да бидат затворени.

Забрането е изнесување и вадење на отпад од кантите и контејнерите.

При ставањето на отпадот од домаќинствата создавачот на отпадот е должен волуменски да го намали отпадот.

Забрането е да се оневозможува пристап на возилото за отпад до местото на кое се наоѓаат садовите за отпад.

Член 50

Отпадот од домаќинствата во Општина Штип организирано се собира најмалку еднаш неделно, а од јавните површини најмалку 2 (два) пати неделно.

Габаритниот отпад од домаќинствата (како делови од автомобили, бела техника, метална амбалажа, делови од мебел, душеци, дрвена амбалажа, пластични гајби, автомобилски гуми и слично) го изнесува ЈП „Исар“ со организирани мобилни услуги по систем на донесување.

Отпадот од селските средини и туристичките места се изнесува согласно Програмата за работа на ЈП „Исар“.

Член 51

Собирачот на отпадот е должен при собирањето и транспортот на отпадот да внимава отпадот да не се растура, да не се крева прав, да не се оштетуваат садовите, како и да не се валкаат и оштетуваат површините за сместување на отпадот.

Ако при утовар и истовар во возилото дојде до растурање на отпадот, собирачот на отпадот е должен истиот веднаш да го исчистат, а садовите да ги

вратат на местото определено за нив и да ги затворат капаците на кантите и контејнерите.

Член 52

Депонија е објект наменет за прифаќање на отпадот, со негово истурање над и под земја.

Депонирање е операција за отстранување и транспортирање на отпадот на депониите.

Јавното претпријатие за комунални дејности основано од страна на Советот на Општина Штип управува и се грижи за уредување и одржување на депонијата за комунален отпад, а особено е должен:

- да го огради просторот на депонијата и да обезбеди контролирано влегување и излегување на возилата при депонирањето на отпадот;
- да обезбеди уреди и објекти за лична хигиена на работниците и миење и дезинфекција на возилата;
- да го спречи ширењето на миризбата и нечистотијата;
- површините што се покриени со отпад да ги покрие со земја во слој најмалку од 30 - 50 сантиметри;
- да не дозволи палење оган и горење на отпадот во депонијата;
- да презема санитарно хигиенски и ветеринарни мерки за спречување на размножувањето на инсекти и стаорци.

Член 53

Се забранува:

- Фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од контејнерите, кантите за отпад или специјалните вреќи за отпад;
- Фрлање и складирање во контејнерите и кантите за отпад на отпадоци кои не се сметаат за комунален отпад;
- Фрлање во контејнерите жар и други запалени материјали, вода, киселина, моторни и разни други масла и други штетни и опасни материи;
- Поставување и преместување на контејнерите и кантите за отпадоци надвор од за тоа определените локации;
- Пребарување на отпад во корпите, кантите и контејнерите од страна на физички лица;
- Палење на отпадот во кантите и контејнерите;
- Собирањето и транспортирањето на отпадот да се врши со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;
- Вршење на собирање и транспортирање на комунален отпад без поседување на дозвола;
- Постапување со отпадот на начин кој доведува до нагрдување на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони;
- Истурање и фрлање на отпад во канализационите и во другите инфраструктурни системи и објекти;

- чување и напасување секаков вид крупна и ситна стока на оддалеченост помалку од1 километар од оградата на градската депонија.

**5. Депонирање на индустриски отпад и штетни материи**

Член 54

Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

Член 55

Создавачите на индустрискиот и комерцијалниот отпад должни се да склучат посебен договор за собирање и транспортирање на отпадот со давателот на услугата на територијата на Општина Штип.

Со индустрискиот неопасен отпад се постапува во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот.

Член 56

Забрането е:

- предавање на индустрискиот отпад на правно или физичко лице кое не поседува дозвола за собирање и транспортирање на отпад согласно Законот;
- истурање или фрлање на индустрискиот отпад кој содржи штетни материи во водите, почвата, во садови кои не се предвидени за собирање на таков вид отпад, во канализационите и другите инфраструктурни системи и објекти;
- собирањето и транспортирањето на индустрискиот отпад со средства и со опрема која не е соодветна за вршење на дејноста;

**6. Депонирање отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи**

Член 57

Под депонирање на остатоци што се создаваат со изведување на градежни работи утврдени со Закон, а кои немаат својство на комунален отпад се подразбира собирање, транспортирање и депонирање на овие остатоци на уредени депонии, како и одржување на депониите.

Член 58

Остатоци што се создаваат со изведување на градежни работи се: градежен материјал, земја, шут, згура, вар, цемент, чакал, песок, кал, камења, тули, ќерамички отпадоци и слично.

Остатоци од став 1 на овој член не смеат да се оставаат и собираат на јавните површини. Создавачите на остатоци од став 1 на овој член се должи да го отстрануваат односно транспортираат истиот на посебно уредените депонии.

Член 59

Со остатоците што се создаваат со изведување на градежни работи се постапува во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот што се однесуваат за инертниот отпад.

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат остатоци кои немаат својство на комунален отпад, се должни сами да го собираат и да го транспортираат отпадот на местата определени од Општина Штип или истите да ги предадат на овластени правни и физички лица кои собираат и транспортираат отпад.

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат остатоци кои немаат својство на комунален отпад должни се да поседуваат доказ дека остатоците што се создаваат со изведувањето на градежните работи го предале на начин утврден во став 3 на овој член.

Член 60

Депонија за депонирање на остатоци што се создаваат со изведување на градежни работи на подрачјето на град Штип е депонијата во м.в. Крстот.

По исклучок, а по потреба на Општина Штип, земја може да се депонира и на други места за што Општина Штип на барателот-создавач на ваков вид отпад, ќе му издаде одобрение со посочување на локацијата каде треба да се депонира земјата.

Депонијата од став 1 на овој член ја одржува и со неа управува Општина Штип, а истата може да ја даде на управување на јавно претпријатие или друго правно или физичко лице кое е овластено за вршење на истата дејност.

Член 61

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат остатоци во смисла на член 59 став 1 на оваа Одлука, се должни потребата од депонирање на ваков вид отпад да ја пријават во Општина Штип.

Одобрение за депонирање на ваков вид отпад на организираната депонија издава градоначалникот на Општина Штип.

Во одобрението од претходниот став се утврдуваат условите и начинот на депонирање на отпадот, видот и количината на отпадот, надоместокот за користење на депонијата и начинот на чистење на депонијата од изнесениот и депониран отпад.

Пред да отпочне со депонирање на отпадот од член 59 став 1 на оваа Одлука, а по добивањето на одобрение, создавачот на отпад е должен за почетокот на депонирањето да го извести комуналниот редар на Општина Штип.

Доколку создавачот на отпад даде изјава дека сам ќе ја исчисти депонијата од депонираниот отпад, по завршувањето на депонирањето

создавачот е должен истото да го изврши во рок од 48 часа, а по претходно укажување од комуналниот редар.

За користење на депонијата за одлагање на ваков вид отпад се плаќа надоместок.

Надоместокот од претходниот став го определува Советот на Општина Штип со посебна одлука.

Уредувањето, односно чистењето на депонијата Општина Штип ќе го врши по потреба со ангажирање на економски оператор избран по пат на јавна набавка.

Средствата за чистење на депонијата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Штип и други.

Член 62

Забрането е отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се изнесуваат од своите дворни места до денот на преземањето од страна на правните или физичките лица кои се овластени за собирање и транспортирање на отпадот.

Се забранува транспортирањето на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се врши со несоодветни транспортни возила што би предизвикало истурање на истиот на самите сообраќајни површини.

Забрането е оставање, односно истурање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи на јавните површини, јавно сообраќајните површини, неизградено градежно земјиште, во и покрај водните површини и слично.

## 7. Одржување на јавна чистота

### 7.1. Одржување на јавна чистота при изведување на градежни работи

Член 63

За истовар, оставање или утовар на градежен материјал, подигање на скеле и поправка на фасадите на станбените и деловните објекти како и за слични градежни работи може повремено да се користат јавните површини или неизграденото градежно земјиште сопственост на Република Македонија само со одобрение издадено од градоначалникот на Општина Штип.

Во одобрението од претходниот став се утврдуваат условите и начинот на истовар, утовар, или оставање на градежниот материјал, мерките на сигурност, времето на истовар, утовар или оставањето на градежниот материјал и надоместокот за користење на јавните површини.

При извршувањето на работите од став 1 на овој член, а пред нивното започнување мора да се обезбеди проодноста на тротоарите и улиците, а јавните површини кои се зафаќаат со градежни дејствија мора да се оградат со ограда која треба прописно да се означи и осветли. Градежниот материјал што ќе се користи мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

Член 64

Изведувачот на градежните работи мора да преземе мерки кои ќе оневозможат растурање на земја по јавните површини при ископот на темели и слично.

Тротоарите и другите пешачки премини пред градилиштето треба да бидат обезбедени од страна на градителот со хоризонтални и вертикални заштитници.

По завршувањето на градежните работи или ако градежните работи од било кои причини бидат запрени на подолго време, изведувачот на градежните работи должен е да ги отстрани скелињата и другиот градежен материјал од јавните површини или неизграденото градежно земјиште и истите да ги доведе во првобитна состојба.

Член 65

Во текот на извршувањето на градежните работи изведувачот е должен:

- да ја чисти јавната површина околу градилиштето од секаков вид градежен и друг материјал, кал и слично кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршењето на неговата дејност;
- при рушење на градежни објекти изведувачот на работите е должен материјалот што се руши да го полева со вода заради спречување на ширење на прашина и аеросоли
- сливниците за атмосферските води во близина на местото каде што се вршат градежните работи редовно да ги чисти;
- да го транспортира градежниот материјал до и од градилиштето на начин што нема да го попречува сообраќајот и слободното истекување на атмосферските води и да го спречи растурањето на материјалот по јавните површини.

Член 66

Не е дозволено оставање песок, чакал или друг градежен материјал покрај дрворедите.

## 8. Одржување, чистење и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини

Член 67

Под одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично на подрачјето на Општина Штип.

Член 68

Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини согласно усвоените урбанистички планови кои им служат на граѓаните за одмор и рекреација.

Одржувањето и уредувањето на парковите во Општина Штип го врши ЈП „Исар“.

Одржувањето и уредувањето на парковите се врши врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на Општина Штип , а на предлог на ЈП „Исар“.

Јавното претпријатие е должно да ги одржува и уредува парковите согласно годишната програма донесена од страна на Советот на Општина Штип, а особено:

- да обезбеди чуварска служба;
- хортикултурно да ги уредува површините во просторот на парковите;
- редовно да ја одржува јавната чистота во парковите;
- редовно да ги одржува патеките и просторот наменет за шеталишта;
- да ги одржува во исправна состојба клупите за седење;
- редовно засадување, обработување и наводнување на зелените површини;
- да постави корпи за отпадоци и друга урбана опрема и нивно редовно одржување,
- редовно кастрење на ниските гранки заради безбедно шетање по парковите.

Член 69

Под зеленило во смисла на оваа Одлука се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки, дрвја и дрвореди (во натамошниот текст: зелени површини).

Под јавни зелени површини во смисла на оваа Одлука се подразбираат зелените површини покрај улиците, плоштадите, културно - историските споменици, јавните паркиралишта, рекреативните површини, детските игралишта, спортските терени, гробиштата и дворните места на јавните објекти на Општина Штип.

Член 70

Одржувањето на зелените површини опфаќа:

- подигање, садење, одгледување и обновување на зелените површини;
- заштита на зелените површини од оштетување, болести и штетници;
- чистење на озеленетите површини; и
- одржување и чистење на патеките на озеленетите површини.

Одржувањето на јавните зелени површини од член 65 став 2 на оваа Одлука, го врши ЈП „Исар“ врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на Општина Штип.

Годишната програма треба да содржи: планирање начинот и мерките за одржување на истите, видовите на зеленило, поставување и видот на урбаната опрема и други работи на одржување, како и трошоците за извршување на овие работи и изворите на средства.

Одржувањето на дворните места на јавните објекти од член 65 став 2 на оваа Одлука, го вршат јавните објекти самостојно.

Член 71

Парк-шума во смисла на оваа Одлука е подрачје со посебни природни карактеристики кое се одликува со своевиден панорамски изглед и особено природна убавина настаната на природен начин, односно тоа се делови од просторот кои со своите географски особености и творбите на човекот се истакнуваат од другата околина и имаат излетничко, рекреативно, историско, естетско, културно или научно значење.

Парк-шума се прогласува со посебна одлука од Советот на Општина Штип.

Одржувањето и управувањето со парк - шумите го врши јавното претпријатие за комунални дејности основано од Советот на Општина Штип или други домашни и странски физички и правни лица овластени од Општина Штип согласно со законот.

Овластениот субјект на кого му е доверено правото да управува со парк - шумата е должен да презема соодветни мерки (шумски ред) со цел да се обезбеди профидно подмладување и заштита на шумите од појава на пожари и ширење на штетни инсекти и растителни болести, од штетното дејство на ветер, снег и други елементарни непогоди и заштита на шумското земјиште за што донесува посебен правилник за кој согласност дава Советот на Општина Штип.

Член 72

Под рекреативни површини на подрачјето на Општина Штип се подразбираат определени простори на подрачјето на Општина Штип кои од страна на граѓаните се користат за одмор и рекреација (посебни подрачја од ридско - планинските предели, полските предели, месности околу манастири, историски споменици, крајбрежни терени покрај реките, акумулационите езера и слично).

Одржувањето и уредувањето на рекреативните површини Општина Штип може да го довери на јавното претпријатие за комунални дејности или на здруженија на граѓани, спортско - рекреативни и еколошки друштва, излетнички друштва, месни заедници.

Член 73

Сечење и копање на дрвја, грмушки и живи огради во зелените површини може да се врши:

- заради нивно редовно одржување, ако се суви, нападнати од штетни инсекти и растителни болести,
- ако пречат на подземните и надземните инсталации,
- кога се оштетени од елементарни непогоди,
- заради изградба на инвестициони објекти,
- ако заради висината преставуваат опасност на околните објекти, пешаци и возила или
- поради реконструкција на зелените површини.

Доколку дрвјата што треба да се сечат се наоѓаат во приватен имот во опфатот на ГУП, а сопственикот има потреба истите да ги транспортира на друго место, потребно е да поднесе барање до Општина Штип, а општинскиот комунален инспектор донесува решение со кое се одобрува сечењето на дрвјата.

Член 74

Решението од член 82 став 2 на оваа Одлука, особено треба да содржи определувањето на рокот во кој треба работите да се завршат како и рокот во кој зелените површини треба да се доведат во првобитната положба.

Трошоците за извршување на сите работи утврдени во ставот 2 на овој член се на товар на одржувачот на зелената површина.

Член 75

На зелените површини и на земјиштето на кое е предвидено да се уредува зелена површина, комуналната инфраструктура може да се монтира само подземно.

По исклучок, во парк - шума и на пошумени терени инсталациите од претходниот став може да се поставаат воздушно но под услов да не го попречуваат правилниот развиток на вегетацијата, да не го нарушуваат естетскиот изглед на зеленилото и да не го попречуваат нормалното користење на овие зелени површини.

Член 76

Во парковите, јавните зелени површини, парк - шумите и рекреативните површини забрането е:

- корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;
- било какво оштетување на зеленилото (соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, откорнување на цветни и тревни посеви и слично);
- собирање на плодови и цветови од дрвјата;
- копање и изнесување на земја, копање на канали, вршење на прекопи и слично;
- фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото определено за таа намена;
- истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и слично на и покрај зелените површини;
- чување и пасење добиток и живина;
- закачување, ковање и потпирање на рекламни паноа, натписи и лепење на плакати и некролози на дрвјата;
- уништување и оштетување објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично;
- минување, запирање, паркирање и оставање на било кој вид возила и нивно миење;

- кршење, оштетување или уништување на корпите за отпадоци, чешмите, канделабрите и на други уреди и објекти што им служат на зелените површини;
- изведување на било какви други работи кои доведуваат до уништување на зелените површини;
- пуштање на отпадни води, киселини, моторно масло и секаква друга материја што предизвикува загадување;
- истоварување, оставање и складирање на разен материјал (огревно дрво, јаглен, отпадно дрво, железо, лим и слично);
- фрлање на отпадоци и други предмети во базените и фонтаните;
- газење по затревнатите површини во парковите;
- косење на тревата во парковите и другите зелени површини без одобрение;
- кубење и кинење на цвеќе;
- палење на огнови во парковите и парк- шумите;
- поставување на разни предмети на стеблата и гранките (светилки, носачи на жичани водови, орманчиња, скали и слично).

## 9. Јавен општински превоз

Член 77

Под јавен општински превоз се подразбира превоз на патници на подрачјето на Општина Штип.

Јавен општински превоз на подрачјето на Општина Штип можат да вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници што ја издава градоначалникот на Општина Штип.

Превозникот кој има лиценца за вршење на јавен општински превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз на територијата на Општина Штип, откако ќе добие дозвола за вршење превоз и ќе регистрира возен ред за определена линија кај градоначалникот на Општина Штип.

Јавниот општински превоз на патници на подрачјето на Општина Штип го уредува Советот на Општина Штип со посебна Одлука.

## 10. Одржување на општинските патишта и улици, улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење

### 10.1. Одржување на општински патишта и улици

Член 78

Под одржување на општинските патишта и улици, улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење во смисла на оваа Одлука се подразбира редовно одржување на општинските патишта и улици, вертикалната и хоризонталната сигнализација и другите инфраструктурни

објекти на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Штип (семафори, сообраќајни знаци, патокази, оградите на мостовите, надвозниците и слично) како и зимско одржување на локалните патишта и улици.

Член 79

Работи за редовно одржување на општинските патишта и улици се:

- поправка на коловозот и трупот на патот;
- чистење на коловозот, уредување на банкини, заштита на косини, насипи, усеци и засеци, чистење и уредување на одводите на патот, риголи, патни канавки, сливници, поправка на потпорни и обложни ѕидови и други објекти на патот;
- работи на одржување на електрични инсталации - замена на дотраени светилки на раскрсници и друго осветлување на патот;
- одржување на прегледност на локалните патишта и улици особено на места на вкрстосување;
- косење на трева уредување и одржување на зелени површини и насади во патниот појас;
- чистење снег и мраз од коловозот, посипување на коловот со сол или абразивни средства во осојничките места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот;
- чистење, поставување, замена и поправка на хоризонталната и вертикалната сигнализација на патот, на огради и заштитна мрежа на патот и на друга опрема на патот.

Работите во врска со редовното одржување на локалните патишта и улици ги врши Јавното претпријатие за одржување на улици и патишта и други комунално-услужни дејности „Стипион 2011“ Штип (во натамошниот текст: ЈП „Стипион 2011“) врз основа на годишна програма донесена од Советот на Општина Штип.

Член 80

Заради заштита на локалните патишта и улици забрането е:

- заземање земјиште од локалниот пат или улица;
- спречување на истекување на атмосферски води, ниту менување на природниот тек на водите;
- пасење стока, косење трева, оштетување и сечење на дрвјата покрај патот, како и оштетување и однесување на материјалите наменети за одржување на локалните патишта и улици;
- спуштање на дрвја и други материјали по косините на патот;
- влечење на греди, трупци, плугови, камени блокови и железнички шипки и други слични предмети;
- кочење на запрежни возила со блокирање на тркалата;
- свртување на работни машини и други уреди при обработка на земјата;
- градење на поила за стока и пуштање на стока во заштитниот појас;

- фрлање шут, отпадоци, држење на ѓубришта или гнојни јами во заштитниот појас на патот;
- оставање на отпадоци, смет или други материјали на коловозот, банкината, патниот појас или тротоарот;
- испуштање на отпадни или други води и други нечистотии на патот и во патниот појас или во одводните канали или спречување на истекување на водата по патот или одводните канали;
- нанесување кал од пристапните патишта на патот со современ коловоз;
- приклучување или исклучување на возила од патот надвор од уредените места определени за тоа;
- движење на возила по пешачка патека (тротоар или банкина на патот);
- поставување светлосни направи покрај патот кои му пречат на сообраќајот;
- терање на стока надвор од местата определени за премин преку патот;
- попречување користење на патот или улицата, прекопување на коловозот, оставање пречки и друг материјал на коловозот или неовластено поставување разни препреки;
- уништување сообраќајни знаци, патокази, семафорски уреди и друга опрема која е во функција на локалните патишта и улици;
- отворање и отстранување на капаците на уличните шахти и решетки;
- вршење на други работи со кои може да се оштети патот или да се попречува и загрозува сообраќајот на патот.

Член 81

Зимското одржување на општинските патишта и улици опфаќа редовно чистење на снегот од коловозот, паркиралиштата и тротоарите и фрлање абразивни средства во услови на голомразица.

Зимското одржување на општинските патишта и улици се уредува со Одлуката за одржување на јавната чистота на Општина Штип.

### 10.2. Одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење

Член 82

Под одржување на уличната сообраќајна сигнализација и другите сообраќајни инфраструктурни објекти се подразбира и одржување на вертикалната и хоризонталната сообраќајна сигнализација и одржување на другите објекти од сообраќајните инфраструктура во населените места во општината како и што се крпење на дупки, чистење на решетките за прифаќање на атмосферските води замена наскршените решетки и шахти и слично, одржување на оградите на мостовите, чистење на пропусти.

Член 83

Одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација и другите инфраструктурни објекти го врши ЈП„Стипион 2011“ или физичко или правно лице со дозвола за вршење на дејноста.

Член 84

На уличната сообраќајна сигнализација и на другите инфраструктурни објекти не е дозволено:

- Оштетување на сообраќајните знаци,
- Оштетување на столбовите на сообраќајните знаци,
- Оштетување на уличните решетки на атмосферската канализација, шахтите и каналите на шахтите на водоводната, канализационата и поштенската мрежа,
- Движење на возила со гасеници,
- Оштетување на светлосни уреди и светлосна сигнализација,
- Користење на столбовите од сообраќајната светлосна сигнализација за друга намена
- Оштетување косини, канавки, банкини и други елементи на патот,
- Неовластено вадење на ивичњаци,
- Влечење на арматура врзана за шахта, решетка и слично

## 11. Раскопување на јавните површини

Член 85

На јавните и сообраќајните површини можат да се вршат прекопи и подземни дупчења заради поставување, поправка и замена на подземни и надземни инсталации и други објекти на комуналната инфраструктура уреди и комунална опрема.

Член 86

Јавните и сообраќајните површини можат да се раскопуваат само со одобрение од градоначалникот на Општина Штип.

Јавните и сообраќајните површини кои ги одржува ЈП „Стипион 2011“ (општински патишта, улици мостови и нивните составни делови, тротоари, плоштади, пасажи и слично) можат да се раскопуваат само со претходно добиено мислење од ЈП „Стипион 2011“.

Јавните површини кои ги одржува ЈП „Исар“ (паркови, зеленила и слично) можат да се раскопуваат само со претходно добиено мислење од ЈП „Исар“.

Начинот на добивање одобрение за раскопување на јавната површина се определува со посебен правилник донесен од Советот на Општина Штип.

Член 87

Раскопаните површини од член 71 став 2 на оваа одлука во првобитна состојба ги доведува ЈП „Стипион 2011“.

Инвеститорот на работите е должен на сметка на ЈП „Стипион 2011“ да депонира средства за покривање на трошоците за траен недостаток, понатамошно одржување и доведување на јавната површина во првобитна состојба.

Висината на надоместокот за траен недостаток, понатамошно одржување и доведување на јавната површина во првобитна состојба го утврдува ЈП „Стипион 2011“, а согласност дава Советот на Општина Штип.

За раскопување на општински патишта и улици на кои од асфалтирањето нема поминато повеќе од 5 (пет) години, се плаќа надоместок за доведување на површината во првобитна состојба зголемен за 4 (четири) пати од утврдениот надоместок за раскопување.

Раскопаните површини од член 86 став 3 на оваа одлука во првобитна состојба ги доведува ЈП „Исар“ за што инвеститорот на работите плаќа надоместок утврден од ЈП „Исар“. Согласност на утврдениот надоместок дава Советот на Општина Штип.

Член 88

Кога е неопходно да се отстранат последиците на виша сила, или се работи за дефект чие неотклонување може да го загрози здравјето и имотот на граѓаните дозволено е прекопување на јавните површини без одобрение.

Инвеститорот на работите е должен во рок од 24 часа да го пријави прекопот и да поднесе писмено барање за издавање одобрение за прекоп.

Член 89

При раскопување на јавните површини, инвеститорот на работите е должен градилиштето да го обезбеди на погоден начин и да ги постави потребните сообраќајни знаци.

Ако работите се изведуваат ноќе, градилиштето мора да биде обезбедено со потребни светлосни сигнали, а ако се врши раскопување на тротоар осветлувањето мора да биде засилено за да се олесни минувањето на пешаците.

Изведувачот на работите е должен ископот да го обезбеди со погодна ограда.

Член 90

Земјата и другите материјали кој се исфрлаат при раскопувањето како и градежниот материјал кој служи за изградба на подземни или надземни објекти мора да се складира само од едната страна на тротоарот или коловозот, не смее да биде во расфрлана положба, а материјалот кој по својата природа може да нанесе повреда или да ги извалка минувачите, односно оштети возилата, мора да биде посебно обезбеден.

Член 91

Раскопувањето на коловозот, доколку истиот се пресекува во ширина, мора да се врши во етапи, така што едната страна на коловозот да биде

слободна за сообраќај, а ако работите не можат да се изведат на овој начин, изведувачот на работите е должен да ја затвори улицата и работите ги изведе во рок и на начин одреден во одобрението за раскопување.

Ако раскопувањето на тротоар се врши со пресекување во ширина, изведувачот на работата е должен со погодни средства да го обезбеди преминот преку ископот.

Член 92

Изведувачот на работите е должен покрај обезбедувањето на градилиштето, да обезбеди и непречен премин на пешаците до продавниците, становите и пешачките премини.

Член 93

Работите при раскопувањето и поправката на раскопаните јавни површини мора да бидат итни и изведени така да не му пречат на сообраќајот, изведувани по сите технички нормативи и стандарди кои важат во градежништвото, а се однесуваат за изградба и реконструкција на улици и патишта.

Член 94

На јавните и сообраќајни површини можат да се вршат прекопи од 15 март до 15 ноември.

Член 95

Физичките лица не можат самостојно да вршат прекопи на јавните и сообраќајни површини.

**12. Одржување и користење на јавниот простор за паркирање**

Член 96

Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот и објектите кои служат на паркиралиштата, давање на соодветни услуги, како и утврдување на начинот на нивното користење.

Видот на јавниот простор за паркирање, начинот на уредување, одржување и користење на истиот и постапката за доделување на јавниот простор за паркирање, Општина Штип ќе го уреди со посебна одлука.

На јавните паркиралишта забрането е да се врши било каква трговска дејност и други работи што не се во согласност со намената на јавниот простор за паркирање.

Член 97

Јавниот простор за паркирање е предвиден со деталните урбанистички планови на Општина Штип.

Јавниот простор за паркирање го сочинуваат просторот, опремата, уредите и објектите за истиот.

Со постоечкиот јавен простор за паркирање во градот, управува и ги одржува ЈП „Стипион 2011“ Штип.

Член 98

Општината може, предвиден и неизграден јавен простор за паркирање да го додели на одржување и управување на јавно претпријатие или на физичко или правно лице кое врши дејност со дозвола, а под услов да го уреди и опреми целосно.

Член 99

Цената на користење на јавниот простор за паркирање ја утврдува Советот на Општина Штип на предлог на ЈП „Стипион 2011“.

Член 100

Јавните паркиралишта мораат да се одржуваат чисти и уредни.

Корисниците на истите не смеат да ги оштетуваат објектите на просторот за паркирање.

Член 101

На јавниот простор за паркирање не е дозволено:

- Да се паркираат оштетени или неисправни возила,
- Да се паркираат возила за кои не е наменет јавниот простор за паркирање,
- Да се оставаат приколки за кампување и носење товар, и
- Да се остава земјоделска, приклучна и друга механизација.

## 13. Отстранување на нерегистрирани и хаварисани возила, приколки и камп приколки и земјоделски машини

Член 102

Под отстранување и чување на возила во смисла на оваа Одлука се подразбира начинот и постапката за отстранување на оштетени, неисправни и нерегистрирани возила, приколки, камп приколки и земјоделски машини од јавните и сообраќајни површини на Општина Штип.

Член 103

Хаварисани, односно оштетени возила се оние возила што поради настаната хаварија или дотраеност не е во состојба да се движи со силата на сопствениот мотор.

Нерегистрирани возила се оние возила кои се без регистарски таблички, односно возила на кои им е помината важноста на регистрацијата.

Член 104

Под отстранување и чување на возила во смисла на оваа Одлука се подразбира подигање и транспортирање на возилата со специјални возила и нивно времено сместување во специјално обезбеден простор за нивно чување.

Член 105

Отстранувањето на возилата од јавните и сообраќајни површини го врши Општина Штип, односно овластениот субјект определен од страна на Општина Штип, а по налог на општинскиот комунален инспектор.

Овластен субјект за отстранување на хаварисани возила од јавни површини е ЈП „Стипион 2011“- Штип или друг субјект определен од страна на Општина Штип.

Надлежен субјект за преземање и чување на отстранетите хаварисани возила е ЈП„Стипион 2011“Штип.

Отстранетите хаварисани возила ќе се чуваат во магацинскиот простор во м.в.Новакова чешма.

При примопредавањето на возилата овластениот комунален инспектор и ЈП„Стипион изготвуваат записник за примопредавање со податоци за број, тип, марка и регистарски број на возилото, доколку го има и состојба на возилото, фотографии и сл.

Член 106

За отстранување на хаварисаните возила комуналниот инспектор на сопственикот, односно на носителот на правото на користење на возилото ќе му издаде решение со кое ќе му наложи отстранување на возилото во рок од 8 дена од денот на врачувањето на решението.

Доколку сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото не го отстрани сам возилото во рокот утврден во претходниот став на овој Член општинскиот комунален инспектор изготвува записник и издава заклучок за отстранување на возилото до овластениот субјект за отстранување.

Во записникот треба да се содржат најмалку следните податоци:

- тип, марка и регистарски број на возилото, доколку го има; и
- состојба на возилото;

Составен дел на записникот се и фотографии од возилото, фотографирано од сите четири страни од овластениот комунален инспектор, односно комунален редар.

Член 107

Овластеното правно лице е должно отстранетите возила да ги смести на посебно обезбеден простор наменет за нивно чување и да ги чува до нивното предавање на сопственикот односно на носителот на правото на користење на возилото.

Чувањето на возилото не може да трае подолго од 30 дена.

Доколку сопственикот на возилото не се јави во пропишаниот рок истото ќе биде отуѓено на начин пропишан со закон.
Просторот за чување на овој вид возила го определува Општината Штип или овластениот субјект по претходна согласност од страна на Општина Штип.

Член 108

При примопредавањето на отстранетото возило, сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и својот идентитет.

Примопредавањето од претходниот став се врши на посебно обезбедениот простор за чување.

По исклучок примопредавањето на возилото што се отстранува може да се изврши и на самото место од каде се отстранува, додека возилото не е поставено на платформата на специјалното возило.

Член 109

Примопредавањето на отстранетото возило се врши по наплатата на трошоците за отстранување, односно со приложен документ за наплатени трошоци.

Член 110

Трошоците, односно висината на надоместокот за отстранување и чување на непрописно паркираните возила ги утврдува Советот на Општина Штип со посебна одлука.

**14. Одржување на гробови, гробишта и давање погребални услуги**

Член 111

Гробишта во смисла на оваа Одлука се земјишта кои служат за закоп на умрените, како и земјишта на кои постојат видливи знаци за закопување на умрените.

Член 112

Гробиштата се градат, уредуваат и одржуваат во согласност со урбанистичките и санитарните прописи.

Гробиштата се определуваат за секое населено место.

Гробиштата не можат да се определат на санитарно-заштитни подрачја на кои се наоѓаат или предвидуваат јавни објекти за снабдување со вода за пиење.
Одржување на гробиштата претставува тековно и инвестиционо одржување на комуналната инфраструктура и придружните објекти на гробиштата што подразбира изведување на работи заради зачувување на основните барања на објектот во текот на неговата употреба.

Гробна такса (гробарина) е надомест за одржување на гробиштата, а висината ја определува Советот на Општина Штип по предлог на ЈП „Исар“.

Во местата во кои живеат припадници на разни вероисповеди, на гробиштата се определува дел за секоја вероисповед.

Член 113

Закопот на умрените се врши само на гробиштата. На гробиштата се закопуваат умрени лицата кои во часот на смртта имале живеалиште или престој на подрачјето на Општина Штип и поранешни граѓани на Општина Штип.

Член 114

На гробиштата, освен гробовите, гробниците, надгробните споменици и надгробните знаци, можат да се градат само објекти за санитарна и техничка служба на гробиштата, мртовечница за чување на умрените до закопот и други објекти во функционална намена на гробиштата.

Член 115

На гробиштата може да се одржуваат само собири кои се во врска со погребот или со вообичаените помени.

Член 116

Со гробиштата управува управител на гробишта кој врши работи на изградба, реконструкција, управување и одржување на гробиштата.

Управител на гробишта во Општина Штип е ЈП „Исар“.

ЈП „Исар“ како управител на гробиштата, донесува план за уредување, одржување и користење на гробиштата и води евиденција за гробните места.

Со муслиманските гробишта во град Штип управува и ги одржува Исламската верска заедница.

Член 117

За уредување и одржување на гробиштата се грижи ЈП „Исар“, а за уредување на гробното место и одржувањето на надгробниот споменик се грижи носителот на гробното место.

На гробиштата или во нејзина непосредна близина мора да се одреди посебен простор за фрлање на ѓубре, остатоци од венци и цвеќиња како и останатите отпадоци.

Член 118

ЈП „Исар“-Штип како управител со гробиштата се грижи за:

- обезбедување на придружни објекти, улици, патеки, зелени површини, јавна чистота и сите инсталации;
- проодноста и исправноста на патеките;
- исправноста на објектите за вода;
- одржување на зеленилото;
- чистење на гробиштата и слично.

Член 119

Вршењето на верските обреди на гробиштата е слободно секој ден.

Граѓаните и лицата корисници на земјиштето на гробиштата се должни да се придржуваат на редот за одржување на гробиштата и да се однесуваат онака како што одговара на местото и должното почитување кон починатите.

Член 120

На гробиштата **е забрането**:

- викање и на друг начин нарушување на мирот во гробиштата,
- носење на кучиња и други животни,
- пасење на стока,
- неовластено косење на трева,
- оштетување на гробовите, надгробните споменици и знаци, клупите и останатите објекти,
- оштетување на оградата на гробиштата,
- собирање на прехранбени и други производи од гробовите оставени од блиските на починатите,
- поставување на непристојни натписи или било какви реклами.

Забранети се натписи со кои се навредува било чија националност и верска припадност или со кој се навредува почитувањето на починатиот.

Член 121

Операторот на погребални услугите, со претходно добиена согласност на подрачната единица на Министерството за здравство може да одобри ексхумација на гробовите по барање на заинтересираното лице или по барање на надлежен орган.

Член 122

Управителот на гробиштата треба да води евиденција за:

- сите видови на гробови;
- починатите лица закопани во гробиштата;
- ископаните лица што биле закопани на гробиштата, а подоцна се пренесени на друга гробишта;
- именик за закопаните лица со ознака на местото на кое тие се закопани.

Член 123

Оператор на погребални услуги е физичко или правно лице кое поседува дозвола за погребални услуги и врши работи на преземање на умреното лице од местото каде што починало, превезување до мртовечница, чување, опремување и превоз на умреното лице до местото на погреб, погребување или кремирање.

Преносот на посмртните останки на починатиот го врши давателот на услугите со мртовечка кола.

Чување на посмртните останки на починатиот до закопот се врши во градската капела.

Прифаќањето на покојниот во капелата се врши во секое време во текот на 24 часа.

Работното време на градската капела е од 06,00 до 20,00 часот во летниот период и од 8,00 до 15,00 часот во зимскиот период.

Во градската капела ќе функционира дежурна екипа во текот на 24 часа.

Дозволено е седење во градската капела, односно во просторијата за изложување на покојниот само два часа пред времето на закопот.

Посмртните останки на лица умрени од акутни заразни болести може да се внесат во градската капела само во лимен сандак и отворање на таквите сандаци не е дозволено.

**15. Одржување на јавно осветлување**

Член 124

Под одржување на јавното осветлување се подразбира одржување на истото во исправна и функционална состојба и тоа: одржување на објектите и инсталациите, редовна замена на светлечките тела (сијалици и арматури), чистење и боење на електричните столбови.

Одржувањето на јавното осветлување го врши давател на услуга.

Член 125

Јавните сообраќајни површини, пешачките и другите главни патишта на јавните зелени површини мора да имаат јавно осветлување.

Светлосните тела мора да бидат функционални и естетски обликувани.

Јавното осветлување мора редовно да се одржува во состојба на функционална способност.

Јавното осветлување, по правило, мора да свети преку целиот ноќен период.

Член 126

За одржување на јавното осветлување Советот на Општина Штип донесува годишна програма во која е утврдена динамиката и обемот на одржувањето, како и потребните средства за одржување на јавното осветлување и потрошувачката на електричната енергија за јавното осветлување, прибраната такса од корисниците и бројот на корисниците.

Член 127

Одделението за комунални дејности на Општина Штип се грижи за спроведување на реализацијата на годишната програма за одржување на јавното осветлување.

Член 128

Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување **е забрането**:

- самоволно приклучување на мрежата од улично осветлување
- оштетување и уништување на светлосните тела и светлосните столбови;
- поставување огласи, известување, реклами и слично освен исклучиво со одобрение на градоначалникот на Општина Штип.

**16. Одржување и користење на пазари**

Член 129

Под одржување и користење на пазари се подразбира одржување на комуналните објекти, односно просторот на објектите изградени за давање услуги на трговија.

Трговија на мало е продавање на стоки на крајните потрошувачи.
Како трговија на стоки на крајните потрошувачи се смета трговијата на стоки за лична потрошувачка и трговија на стоки за потребите на домаќинствата.

Член 130

Одржувањето и користењето на пазарите во Општина Штип го врши ЈП „Исар“-Штип (во натамошниот текст: давател на услуга).

Давателот на услугата е должен пазарите секојдневно да ги чисти и одржува уредно и во хигиенска состојба и во зимскиот период да го чисти снегот и мразот.

Давателот на услугата е должен најмалку еднаш неделно да вршат детално миење на зелените пазари.

Член 131

На пазарите мора да има доволен број типизирани контејнери за отпад од 1 х 1 $м^2$, поставени на соодветни места.

Член 132

На зелените пазари се врши трговија на големо и мало на земјоделски стоки под услови пропишани со закон и друг пропис.

На посебно организирани делови на зелените пазари може да се врши трговија на големо и мало и на други стоки под услови пропишанио со закон и друг пропис.

Член 133

Давателот на услуга е должен да утврди и истакне пазарен ред и да се придржува на пазарниот ред и работното време со тоа што да го контролира дотурот на стока на пазарот и истиот да не претставува пречка за крајните потрошувачи.

Пазарните површини треба да бидат изградени со асфалт или бетонска подлога, со рамна или мазна површина, погодни за чистење и миење, со доволен број сливници, исправна канализациона мрежа со доволно количество на здрава и исправна вода за пиење и санитарен јазол, односно посебни

клозети за машки и женски пол. Производите што се продаваат на земјоделските пазари мора да бидат сместени на хигиенски тезги.

Член 134

Ден во кој се одржува пазарот е **петок**, но на постојаното пазариште и пазарните места прометот на земјоделски производи се врши секојдневно.

Ден во кој се одржува автопазарот е **сабота**.

Ден во кој се одржува пазар за продажба на стари предмети е **сабота.**

На јавните површини во град Штип, може да се одобри продажба на мешовита стока (пуканки, семки, костени и слични производи за исхрана, цвеќе, свеќи и честитки) на места и под услови определени со посебна одлука донесена од Советот на Општина Штип.

Одобрение за продажба од став 4 издава градоначалникот на Општина Штип.

Член 135

Работното време на постојното пазариште е:

- од **06,00-21,00** часот - летниот период и
- од **06,00-18,00** часот - во зимскиот период.

Достава на земјоделски производи на пазарот од правните лица и индивидуалните производители се врши од **05,00** часот до **08,00 часот**.

Во пазарен ден достава на стоки може да се врши до **06,00 часот** во летниот период и до **07,00 часот** во зимскиот период.

По исклучок, управата на пазариштето може да дозволи достава на стоки и вон определеното време доколку не се нарушува редот на пазарот.

Член 136

На сточните пазари може да се изложат за промет само жив крупен и ситен добиток, како и перјаста живина, а на зелените земјоделски пазари само земјоделски производи.

**17. Вршење на оџачарски услуги**

Член 137

Под вршење на оџачарски услуги се подразбира чистење и контрола на објектите за спроведување на чад и опремата за ложење.

Заради организирано и навремено вршење на оџачарски услуги на подрачјето на Општина Штип во рамките на ЈП „Исар“ Штип може да се формира посебна служба за вршење на оџачарски услуги.

Оџачарските услуги можат да ги вршат и други правни и физички лица овластени од Општина Штип согласно законот.

Член 138

Корисници на услугата во комуналната дејност од членот 120 на оваа Одлука се сите правни и физички лица кои имаат во сопственост или користат станбени или деловни простори на територијата на Општина Штип.

Член 139

Корисниците на услугата се должни да извршат чистење на оџаците најмалку еднаш годишно доколку истите ги користат во грејната сезона. Чистењето на оџаците вообичаено се врши пред почетокот на грејната сезона и тоа во месеците септември и октомври.

Член 140

На барање на корисникот на услугата, давателот на услугата е должен да изврши чистење на оџаците и претходно писмено ги известува за денот и часот кога ќе се чистат оџаците.

Станарите во колективните станбени згради се должни на лицето кое врши оџачарски услуги непречено да му овозможат чистење на оџаците ако за истото бидат писмено известени од страна на давателот на услугата и тоа во рок од најмалку 5 дена пред отпочнувањето на чистењето.

Член 141

Оџачарските услуги се вршат на барање на сопственикот, односно корисникот на објектот.

Трошоците на оџачарските услуги паѓаат на товар на сопственикот, односно корисникот на објектот.

Висината на цената и начинот на плаќањето ја утврдува Советот на Општина Штип по предлог на давателот на услугата.

**18. Одржување на комунални уреди**

Член 142

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема.

Член 143

На плоштадите и поголемите раскрсници можат да се поставаат јавни часовници кои мораат да бидат исправни.

Член 144

За уредување и одржување на комуналните уреди и објекти како што се: фонтани, водоскоци, чешми и други слични украсни комунални уреди се грижи ЈП „Исар“.

Член 145

Јавните телефонски говорници можат да се постават на места каде што граѓаните се собираат или задржуваат, како што се плоштади, пазаришта, стоковни куќи, болници, автобуски станици и слични места.

Јавните телефонски говорници и поштенските сандачиња ги поставува и одржува правното лице кое ја обавува дејноста на поштенските услуги и телекомуникацијата, по претходно одобрение од градоначалникот на Општина Штип.

Член 146

Заради функционалноста на намената на комуналните уреди забрането е:

- перење на јавните чешми, фонтани;
- напојување на животни на јавните чешми, фонтани и водоскоци;
- кршење на уредите и опремата;
- пишување на натписи, шарање или цртање на истите;
- фрлање и оставање на комунален отпад на истите;
- загадување на водата во фонтаните;
- поливање со било какви течности на комуналните уреди.

**18.1. Одржување на јавни санитарни јазли**

Член 147

Јавните санитарни јазли ги одржува и со нив стопанисува ЈП „Исар“.

Општина Штип може да одлучи јавните санитарни јазли да ги даде на одржување и стопанисување на друго правно или физичко лице (давател на услуга).Меѓусебните права и обврски со давателот на услугата ќе се регулираат со посебен договор.

Јавните санитарни јазли мораат да бидат опремени со соодветна санитарна опрема и субјектите од став 1 на овој член должни се истите да ги одржуваат во чиста и исправна состојба, редовно да ги одржуваат и дезинфицираат.

Член 148

Јавните санитарни јазли мораат да бидат изградени според пропишаните санитарно - хигиенски услови, односно да се изградени од тврд материјал, поврзани со канализација и водовод.

Член 149

За користење на јавните санитарни јазли може да се наплатува соодветен надоместок што ќе го определи давателот на услугата.

Член 150

Забрането е оштетување на санитарната и друга опрема во јавните санитарни јазли.

## 19. Уловување, згрижување и ерадикација на животни скитници

Член 151

Под уловување, згрижување и ерадикација на животни скитници во смисла на оваа Одлука се подразбира хумано решавање на проблемот со животните скитници и тоа: собирање од јавните површини, привремено згрижување, стерилизирање, вакцинирање, дехелментизација на здравите и еутаназија на болните животни скитници со цел за зачувување на здравјето на населението и отстранување на изворите на заразните заболувања, како и смалување на можноста од нивно пренесување, спречување на евентуални економски штети и унапредување на хигиенските услови на живот.

Член 152

Решавањето на проблемот на животните скитници Општина Штип може да го довери на јавното претпријатие за комунални дејности основано од Општина Штип или на друго правно или физичко лице кое ги исполнува условите согласно законските прописи.

## 20. Украсување на населените места и истакнување реклами

### 20.1. Украсување на населените места

Член 153

Под уредување на градското подрачје и на населените места на подрачјето на Општина Штип се подразбира уредување на надворешните делови на зградите, излозите, поставувањето на реклами, натписи и оградите, осветлување во посебни прилики на свечености и празници.

Член 154

На прозорците, балконите, оградите и на другите слични делови на зградата по правило се држи цвеќе и украсни билки. на начин кој нема да го загрози безбедното одвивање на сообраќајот на возила и нема да доведе до повреда или загрозување на животот на пешаците.

Член 155

Оградите покрај јавните површини мораат да бидат изработени така да се вклопуваат на околината, по правило од украсна жива ограда, и не смеат да бидат изведени со бодликава жица, колци и слично.

Правните и физичките лица се должни оградите покрај јавните површини кои ги користат да ги држат уредни, за не пречат на видливоста на сообраќајницата и да не претставуваат опасност за минувачите.

Оградите од украсно зеленило (жива ограда) покрај јавните сообраќајни површини мораат редовно да се одржуваат и најмалку два пати годишно да се режат, така да не се протегаат преку регулационата линија на јавната сообраќајна површина и да не сметаат на сообраќајот и пешаците.

Дрвјата и гранките кои се надвиснати над оградите, редовно да се којат за да не пречат на видливоста на сообраќајот и на тротоарскиот дел за пешаците.

Член 156

Дворовите, градините и другите слични површини пред зградите и неизграденото градежно земјиште покрај јавните површини, сопственикот, односно корисниците мораат да ги одржуваат уредно и на нив по правило да засадат цвеќе или украсни билки.

Член 157

Излозите на продавниците и другите деловни објекти мораат да бидат естетско уредени во склоп на самиот објект и околината на која се наоѓаат и сопствениците на истите се должни редовно да ги одржуваат, а ноќе светлата да бидат задолжително вклучени.

Аранжирањето на излозите по правило треба да е соодветно изложување на стоките за кои е и наменет објектот.

Разните натписи, реклами, соопштенија и слично кои се поставуваат на самите излози потребно е да бидат естетско обликувани.

Член 158

За време на новогодишните и божиќните празници може излозите на продавниците и другите деловни објекти од страна на сопствениците или корисниците да бидат свечено украсени.

За време на новогодишните и божиќните празници и во посебни прилики на свечености, плоштадите и потесниот реон на централното градско подрачје може да бидат свечено украсени и јавното осветлување да биде дополнето со свечено украсни светлосни елементи.

Член 159

Забрането е уништување на фасадите на зградите и по нив да се испишуваат пораки, известувања, да се црта, шара или на друг начин да се валкаат или нагрдуваат.

**20.2. Истакнување и лепење плакати, реклами, оласи и други соопштенија**

Член 160

Истакнувањето плакати, огласи и други соопштенија се врши само на специјално изградени паноа, витрини и други места на начин и постапка утврдени со посебна одлука.

Местата на кои ќе бидат поставени паноата и витрините ги определува градоначалникот на Општина Штип.

Член 161

За време на изборни кампањи плакати со изборно пропагандни известувања можат да се истакнуваат на местата определени со посебна одлука.

Член 162

На јавните површини во Општина Штип може да се поставува опрема за рекламирање.

Јавни површини на кои може да се поставува опрема за рекламирање се: слободни површини вон заштитниот појас на општинските патишта и улица во населените места, уредени и неуредени површини, калканите и рамните тераси на станбените објекти, столбовите за јавно осветлување, оградите на мостовите и други површини и објекти на кои со поставувањето на опремата за рекламирање нема да се загрози безбедното одвивање на сообраќајот и нема да се наруши функционалноста и естетскиот изглед на поедини уредени комплекси.

Не е дозволено поставување на опрема за рекламирање (висечки платна, транспаренти и слично) помеѓу крајните столбови на мостовите над сообраќајната површина по која се одвива сообраќај на моторни возила.

Член 163

Димензиите на опремите за рекламирање се различни и зависат од просторот со кој се располага за нивно поставување како и од запазување на условите за безбедно одвивање на сообраќајот и зачувување на вредноста и функционалноста на самиот простор.

Член 164

Поставувањето на опремата за рекламирање може да биде поединечно за заинтересирани физички и правни лица или групно со однапред утврдени локации кои ќе бидат понудени на јавен конкурс.

Член 165

За поставување на опрема за рекламирање заинтересираните физички и правни лица доставуваат и графички приказ во кој ќе биде презентирана ситуација со назначено место за поставување и изглед на опремата по нејзини основни податоци за димензијата, материјал, боја и слично, а за самостоечки објекти од типот „билборд“ со димензии поголеми од 3,76м$^2$ задолжително доставуваат проект за статика изработен од лиценцирана фирма.

Одобрение за поставување на опрема за рекламирање издава градоначалникот на Општина Штип, по претходно прибавена согласност од Министерството за внатрешни работи СВР-Штип.

Член 166

Кога за место за рекламирање се утврди имот во приватна сопственост, корисникот на местото е должен да склучи писмен договор со сопственикот на тој имот за условите и начинот на користењето и истиот заедно со барањето за

поставување на опремата за рекламирање да го достави до Одделението за комунални дејности на Општина Штип.

Член 167

За поставување на опрема за рекламирање ќе се плаќа надоместок.

Надоместокот ќе се плаќа еднаш годишно и собраните средства се приход на Општина Штип.

Член 168

Секоја поставена опрема за рекламирање без соодветно одобрение ќе биде присилно отстрането, а трошоците за неговото отстранување ќе паднат на товар на сопственикот на опремата.

**21. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Член 169

Дезинсекција е уништување на штетни инсекти и истата се врши со аерозапрашување или тереистички.

Со дезинфекција се уништуваат штетни бактерии во комунални објекти (јавни водни површини).

Со дератизација се уништуваат глувци и стаорци.

Член 170

Целта на дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата е зачувување на здравјето на граѓаните, отстранување на изворите на заразни заболувања и намалување на можности за пренесување на зарази.

Член 171

Советот на Општина Штип донесува годишна програма за дезинсекција, дезинфекција и дератизација, врз основа на стручно мислење на Центарот за јавно здравје

Програмите од претходниот став на овој член го содржат начинот на вршење на дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата, периодот на вршење на овие активности и потребните средства, како и изворите на финансиски средства.

Член 172

Вршењето на дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата Општина Штип може да го довери на овластен субјект специјализиран за вршење на истите дејности.

Општина Штип навремено преку средствата за јавно информирање е должна да ја извести јавноста за времето и начинот на спроведувањето на дезинсекцијата, дезинфекцијата и дератизацијата и за мерките за заштита што треба да ги преземат граѓаните.

**22. Чување животни, пчелни семејства и домашни миленици во урбани средини**

Член 173

На подрачјето на град Штип во границите на ГУП се забранува чувањето на секаков вид ситна и крупна стока, перјаста живина и пчелни семејства. Заради безбедноста на граѓаните, пчелните семејства не смеат да се постават на помалку од 500 метри оддалеченост од ГУП.

Забрането е колење на ситна и крупна стока и живина на јавните и сообраќајните површини во Општина Штип.

Се забранува задржување, напасување и хранење на ситна крупна стока и живина на јавните и сообраќајните површини во Општина Штип.

Член 174

Носењето  на добиток во градот може да се врши во специјални корпи  на начин на кој не се загрозува безбедноста на сообраќајот.

Член 175

На подрачјето на град Штип, во опфатот на ГУП е дозволено е чување гулаби само во дворните места на индивидуалните станбени објекти.

Гулабарникот треба да биде изграден од погоден материјал со бетонски под, поврзан со канализациониот систем и истиот постојано да се одржува во хигиенска состојба. Чувањето и одгледувањето на гулаби не смее да пречи во нормалното живеење на соседите.

До колку гулабите го пореметуваат нормалното живеење на соседите на било кој начин општинскиот комунален инспектор може да нареди преместување на гулабарникот или забрана на чување и одгледување на гулаби.

Член 176

На подрачјето на Општина Штип во кругот на едно домаќинство може да се чуваат до две кучиња под услов истите да бидат регистрирани во надлежната ветеринарна институција и редовно вакцинирани.

Сопствениците на кучиња се должни своите кучиња да ги држат во сопствените дворни места.

Кучето може да се изведе надвор од дворното место само со кошница на устата и врзано со каиш.

Сопственикот на кучињата е должен сместувањето и чувањето на кучињата да го уреди на начин што нема да пречи на мирот и спокојството на соседите.

Не е дозволено чување на кучиња со ќут на постојано лаење и завивање.

Не е дозволено чување кучиња во згради и во нивните дворови освен чување кучиња за кои сопственикот има прибавено писмено одобрение на куќниот совет на колективната станбена зграда.

Член 177

Фармите не можат да бидат изградени на оддалеченост помала од 500 метри од опфатот на ГУП на град Штип.

Ситната и крупната стока и живината мора да бидат регистрирани кај надлежната ветеринарна установа согласно законските прописи и редовно да бидат вакцинирани.

Член 178

Не е дозволено чување и складирање на слама, во бали или во стогови како храна за добитокот, во градежниот опфатот на ГУП бидејќи претставува потенцијален извор на пожар и гнездо за глодари и други заразни инсекти.

Во опфатот на ГУП е дозволено поставување на фолии и пластеници само во сопствено дворно место на станбени објекти за индивидуално домување и тоа на површина не поголема од половина од површината на дворното место.

**23. Сечење и складирање на огревно дрво и јаглен на јавни и сообраќајни површини**

Член 179

Истоварот, сечењето, цепењето, складирањето на огревното дрво и јагленот треба да се врши во дворните места на станбените и деловните објекти.

Во исклучителни случаи тоа може да се прави и на јавни површини, но при тоа не смее да се спречи нормалното и безбедно одвивање на сообраќајот и протекот на атмосферските води со претходно добиено одобрение од надлежниот орган на Општина Штип.

Дрвата, јагленот и сличен материјал мора да се отстранат од јавните и сообраќајните површини најдоцна во рок кој ќе го определи општинскиот комунален инспектор или комуналните редари и после тоа јавната површина да се доведе во првобитната положба.

**24. Одржување на речни корита**

Член 180

Под одржување на речни корита се подразбира изградба, одржување и чистење на коритата на река Отиња и река Брегалница во опфатот на ГУП, регулирање на водотекот за правилен и нормален проток на водите, изградба на кејови, каскади, насипи и слично.

Член 181

Користењето на земјиштето, изградбата на објекти и вршењето на други работи во крајбрежниот појас на река Отиња и река Брегалница во урбанизираниот дел на градот го врши ЈП „Стипион 2011“ и други правни и физички лица со дозвола.

## III. КОМУНАЛЕН РЕД ЗА ОСТАНАТИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

Член 182

Во населените места на подрачјето на Општина Штип во кои не е изградена канализација за отпадни води, отпадните води, односно фекалиите се испуштаат задолжително во септички јами.

Септичките јами не смеат да бидат отворени, треба да се бетонирани од горната страна и добро заштитени. Септичките јами треба да бидат оддалечени од станбените и деловните простории, односно објекти на соседите најмалку 10 метри, а од водоснабдителните објекти најмалку 15 метри.

Доколку површината на просторот на дворните места е помала и не можат да се исполнат условите од претходниот став, септичките јами можат да бидат и на помало растојание оддалечени од објектите на соседите кое не може да биде помало од 6 метри.

Септичките јами треба редовно и хигиенски да се одржуваат.

Септичките јами не смеат да се празнат на јавните и сообраќајните површини, ниту во отворените канали за истек на атмосферските води.

Септичките јами не смеат да се празнат на јавни површини, ниту во отворени канали за истек на атмосферски води, туку истото се врши со специјално конструирано возило за таа намена.

Чистењето на септичките јами и полските клозети го врши ЈП „Исар“ или правно или физичко лице овластено од општината со специјални возила – цистерни, при што претходно се обезбедуваат санитарно - хигиенски мерки, а по извршеното чистење мора да се изврши дезинфекција на теренот околу септичката јама или полскиот клозет.

Член 183

Во населените места на подрачјето на Општина Штип во кои не е изградена канализациона и водоводна мрежа сопствениците и корисниците треба да имаат изградено санитарно - хигиенски клозети.

Клозетите можат да бидат изградени во дворните места на растојание најмалку од 10 метри од соседите, да бидат изградени според пропишаните санитарно-хигиенски услови и истите редовно да се одржуваат чисти, да се варосуваат и дезинфицираат.

Член 184

Шталите во населените места на подрачјето на Општина Штип мора да бидат изградени одвоено од станбените објекти и да се оддалечени од соседите на растојание од најмалку 10 метри и редовно да се одржуваат и чистат.

Шталскиот отпад треба да се собира во ограден и покриен простор на оддалеченост од најмалку 10 метри од објектите на соседите, најмногу до 2$м^3$ по што истиот редовно да се изнесува по нивите.

Течниот дел (осоката) да се одведе во септичка јама.

Член 185

Чувањето на крупна и ситна стока и живина во населените места е дозволено само во посебно изградени санитарно - хигиенски објекти во сопствените дворови кои треба да бидат оддалечени од станбените објекти на соседите најмалку 10 метри и да бидат преземени сите санитарно - хигиенски и здравствени мерки.

Пчелните семејства треба да бидат поставени на оддалеченост од најмалку 500 метри од населеното место.

## IV. МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ РЕД И НАДЗОР

Член 186

Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од член 2 на оваа Одлука се утврдуваат со посебни програми за секоја дејност поодделно во рамките на условите утврдени со оваа Одлука.

Програмите од став 1 на овој член ги донесува Советот на Општина Штип.

Член 187

Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука вршат овластените општински комунални инспектори и комуналните редари.

Надлежните општински инспектори вршат инспекциски надзор над јавните комунални претпријатија основани од Општина Штип, над физичките и правните лица на кои Општина Штип им дала дозвола за вршење на комунална дејност, над законитоста во работењето на субјектите во комуналните дејности на подрачјето на Општина Штип како даватели на комуналните услуги така и над правните и физичките лица кои се назначени како корисници на комуналните услуги согласно одредбите на оваа Одлука.

Член 188

За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, општинскиот комунален инспектор е должен да состават записник и да го достави на физичкото и правното лице каде што вршел инспекција.

Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека е сторен прекршок должен е да покрене постапка пред надлежниот орган.

Член 189

Општинскиот комунален инспектор по извршениот инспекциски надзор донесуваат решение.

Со решението се наредува на физичките и правните лица дејствија со цел одржувањето на комуналниот ред согласно одредбите на оваа Одлука.

Член 190

Жалба против решението од претходниот став на овој член може да се поднесе во рок од осум дена до комисијата формирана од градоначалникот на Општина Штип.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 191

Физичките и правните лица се должни на општинскиот комунален инспектор да му овозможат несметано вршење на надзорот, пристап до просторите, објектите, земјиштето, апаратите и уредите, да дадат лични податоци и да пружат други потребни известувања за предметот на надзорот.

Член 192

Ако општинскиот комунален инспектор при вршењето на надзорот наиде на отпор од субјектот над кој врши надзор, може да побара помош од надлежните полициски органи.

Член 193

Контрола на спроведувањето на оваа Одлука врши комуналниот редар.
При вршење на контролата комуналниот редар има право да ги провери идентификациските документи на лицата поради потврдување на нивниот идентитет.

За констатираните неправилности при контролата комуналниот редар составува записник и изрекува мандатна казна на самото место согласно со Законот за комуналните дејности и Законот за прекршоците.

## V. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 194

За непочитување на ова Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби:

- Комунална дејност: **Снабдување со вода за пиење** - прекршочните одредби од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.
- Комунална дејност: **Одведување и пречистување на отпадни води и Одведување и испуштање на атмосферски води** - прекршочните одредби од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.
- Комунална дејност: **Обработка и депонирање на комунален отпад** - прекршочните одредби од Законот за управување со отпад**.**
- Комунална дејност: **Одржување на гробови, гробишта и давање погребални услуги** - прекршочните одредби од Законот за гробишта и погребални услуги.

- Комунална дејност: **Одржување на јавна чистота** - прекршочните одредби од Законот за јавната чистота.

Член 195

За останатите комунални дејности од оваа Одлука се применуваат прекршочните одредби предвидени во член 43 од Законот за комуналните дејности и тоа:

- со глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице во мандатна постапка ако постапува спротивно на член 76, 128, 146, 150, 173, 176, 182, 183 и 184 од оваа Одлука.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 196

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 03/98, 01/99, 03/99-пречистен текст, 04/02, 06/08, 11/10 и 14/11-пречистен текст).

Член 197

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

371.

КОМИСИЈА
ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Врз основа на член 100 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/05), Комисијата за статут и прописи на седницата одржана на 2 јуни 2022 година го утврди Пречистениот текст на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта.

Пречистениот текст на Одлуката ги опфаќа Одлука за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/10), Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта („Службен гласник на Општина Штип“ број 09/15), Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта („Службен гласник на Општина Штип“ број 10/15) и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на

надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/22).

Број 08-3430/6
2 јуни 2022 година

Ш т и п

Комисија за статут и прописи
Претседател,

Душко Иванов, с.р.

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПАТИШТА
(пречистен текст)

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта и тоа:

1. за поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општински пат,
2. приклучување на пристапен пат на општински пат,
3. поставување на инсталации во трупот на патот и патниот појас на општински пат и улици,
4. изградба и користење на комерцијални објекти на кој е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место,
5. за прекумерно користење на општински пат и улици,
6. за вонреден превоз и штета на општински пат и улици и објектите на патот.

Член 2

За поставување натписи и рекламни табли од едната страна (опрема за рекламирање) во заштитниот појас на општинските патишта во Општина Штип се плаќа надоместок и тоа:

- површина до 1м$^2$ - 4.000,00 денари годишно
- површина од 1,1м$^2$ до 3,75м$^2$ - 10.000,00 денари годишно
- над 3,76 м$^2$ - 15.000,00 денари годишно

Годишните цени се зголемуваат за 20% ако опремата за рекламирање е наменета за издавање на други корисници.

Доколку рекламната табла се користи од ист субјект за рекламирање од две страни се плаќа дополнителен надоместок во висина од 50% од цената утврдена во член 1 став 1 на оваа одлука.

Начинот и постапката за добивање дозвола за поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на општинските патишта ќе се регулира со посебна одлука.

Член 3

Сопствениците и корисниците на објектите лоцирани во заштитниот појас на општинските патишта или во нивна близина можат да изградат пристапен пат до општински пат, врз основа на дозвола издадена од општината.

Надоместокот за приклучување на пристапен пат до општински пат изнесува 10.000,00 денари еднократно.

Член 4

Висината на надоместокот за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот и заштитниот појас на патот изнесува и тоа:

1. Поставување на инсталации во трупот на патот
    - 3.000,00 денари на метар должина попречен прекоп на коловоз и тротоар;
    - 1.000,00 денари метар должина надолжен прекоп на коловоз и тротоар.
2. Поставување на инсталации во патниот појас (до 1 метар сметано од крајниот раб на коловозот, односно
3. тротоарот) - 0,5 евра од метар во денарска противвредност по среден курс на НБ на Република Македонија.
4. Поставување на инсталации во заштитниот појас (надвор од патните канафки) во зависност од должината за која се поставува инсталацијата и тоа:
    - За должина до 1км - 3.000,00 денари
    - За должина од 1км до 10км - 6.000,00 денари
    - За должина над 10км - 9.000,00 денари.

За начинот и постапката за добивање дозвола за поставување на инсталации во трупот на патот и на патниот појас, Општина Штип ќе донесе посебен правилник.

Член 5

Висината на надоместокот за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на општински пат надвор од населено место изнесува 6.000,00 денари.

Член 6

Прекумерното користење на општинскиот пат или негов дел е времено или трајно користење на патот на повеќе од 50% од сите извршени превози на патот поради извршување на инвестициони работи или заради вршење на производни или услужни дејности (искористување на камења, руди и слично).

За прекумерно користење на општински пат и улици се плаќа надоместок кој се утврдува врз основа на просечниот годишен дневен сообраќај на товарните возила со носивост поголема од 10 тона, утврден со најмалку четирикратно броење на сообраќајот на соодветниот пат од страна на комисија формирана од градоначалникот.

Надоместокот изнесува 150,00 денари по возило дневно за секое возило над просекот.

Член 7

Висината на надоместокот за вонреден превоз се утврдува во зависност од пречекорувањата на дозволените димензии на возилото должина, ширина и висина.

1. Должина

Ако возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената должина со посебен пропис и тоа:

- до 20 % се плаќа 2 денари по км
- преку 20 % се плаќа 4 денари по км

2. Ширина

Ако возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената ширина пропишана со посебен пропис и тоа:

- од 2,61 до 3 метри - 2 денари по км за товарни и приклучни возила со изотермна надградба чија дебелина на зидовите е еднаква или поголема од 45мм
- од 2,56 до 3 метри - 2 денари по км за сите останати возила
- од 3,01 до 4 метри - 4 денари по км
- преку 4 метри - 8 денари по км

3. Висина

Ако возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената висина пропишана со посебен пропис и тоа:

- од 4,01 до 4,50 метри - 2 денари по км
- преку 4,50 метри - 4 денари по км

За возило кое празно ја пречекорува дозволената должина, ширина или висина пропишана со посебен пропис се издава дозвола на годишно ниво со надомест од 30.000,00 денари, полугодишно 20.000,00 денари, тромесечно 10.000,00 по дозвола.

Член 8

Доколку возилото празно или заедно со товарот ја пречекорува дозволената должина, ширина и висина на повеќе места се зема во предвид само најголемата димензија за секое пречекорување.

Надоместокот за пречекорување на дозволените димензии се пресметува посебно за секое пречекорување.

Член 9

Во случај ако возилото празно или заедно со товарот пречекорува повеќе димензии вкупниот надоместок претставува збир на надоместок од секоја поединечно пречекорена димензија и должината на релацијата.

Член 10

Доколку возилото или заедно со приклучното возило ја пречекорува вкупната дозволена маса пропишана со посебен пропис, надоместокот се плаќа за секој пречекорен тон:

1. За вкупно дозволена маса до 36 тони:
   - од 36,1 до 40 тона............3 денари по т/км
2. За вкупно дозволена маса до 40 тони:
   - од 40,1 до 60 тона ................ 2 денари по т/км
   - од 60,1 до 80 тона ................ 5 денари по т/км
   - преку 80 тона ..................... 15 денари по т/км

Надоместокот од став 1 од овој член се пресметува така што единечниот износ на надоместокот се множи по должината на релацијата и по бројот на тоните кои ја пречекоруваат вкупната дозволена маса.

Член 11

Висината на надоместокот кој се плаќа за пречекорувања на дозволеното осно оптоварување, во зависност од пречекорувањето изразено во тони изнесува:

| | |
|---|---:|
| 1 тон | 5 денари т/км |
| 2 тона | 10 денари т/км |
| 3 тони | 15 денари т/км |
| 4 тони | 20 денари т/км |
| 5 тони | 30 денари т/км |
| 6 тони | 50 денари т/км |
| 7 тони | 80 денари т/км |
| 8 тони | 100 денари т/км |
| 9 тони | 130 денари т/км |
| 10 и над 10 тони | 200 денари т/км |

Висината на надоместокот се одредува согласно одредената маршута на движење на возилото како збир на надоместоци пресметани врз основа на дозволеното осно оптеретување на патот.

Член 12

Надоместокот за штета сторена на патот ја утврдува комисијата формирана од градоначалникот на основа извршен увид и проценка на сторената штета.

Член 13

Надоместокот од член 1 на оваа Одлука, ќе се користи за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици.

Член 14

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".